*ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ*
*НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

# ПРИРАЧНИК

## ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА ПРИТВОР

Автори:

Гордана Бужаровска

Маргарита Цаца Николовска

Агим Мифтари

Јани Нича

**Издавач:**
Здружение на судиите на Република Македонија

**За издавачот:**
д-р Драган Тумановски, претседател

**Автори:**
проф. д-р Гордана Бужаровска
Маргарита Цаца Николовска
Агим Мифтари
Јани Нича

**Лектура:**
Весна Костовска

**Уредник:**
Никола Петровски

**Печати:**
2. Август С - Штип

**Тираж:**
700 примероци

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

343.126(497.7) (035)

ПРИРАЧНИК за примена на мерката притвор / автори Гордана Бужаровска ...(и др.). – Скопје : Здружение на судиите на Република Македонија, 2009. – 61 стр; 25 cm

Фусноти кон текстот. – Содржи и : Анекс

ISBN – 978-9989-2969-0-1
1. БУЖАРОВСКА, Гордана (автор)

а) Притвор – Македонија – Прирачници
COBISS.MK-ID 75923722

СОДРЖИНА:

За прирачникот ........................................................................................ 4

За мерката притвор .................................................................................. 5

**I. Домашно законодавство**....................................................................... 6

**II. Практична примена на мерката притвор** ....................................... 11

1. Улогата на јавниот обвинител ........................................................... 11

2. Улогата на бранителот ....................................................................... 12

3. Улогата на истражниот судија .......................................................... 13

4. Улогата на кривичниот совет од член 22 став 6 од ЗКП ................. 22

**III. Правото на слобода и сигурност како меѓународен стандард**
*Членот 5 од Европската Конвенција за Човекови Права*
*и праксата на Европскиот Суд за Човекови Права* .................................. 23

Анекс 1 – Примери на решенија од домашните судови ....................... 36

## За прирачникот

Овој прирачник претставува техничко помагало за судии, јавни обвинители и адвокати и нивните стручни соработници, кои учествуваат во кривичната постапка. Неговата цел е да ја елаборира клучната улога на мерката притвор во кривичната постапка и да даде насоки за нејзина успешна примена во согласност со домашните и меѓународните правни стандарди и почитувањето на човековите права. Исто така, прирачникот го потенцира значењето на примената на останатите *мерки за обезбедување присуство на обвинетиот и успешно водење на кривичната постапка*[1] (понатаму: алтернативни мерки).

Потребата од изготвување на овој прирачник се наметна од начинот на кој во македонското судство се применува мерката притвор. Анализата „Притвор пред судењето“[2] изготвена од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје во Март 2008. година, укажува на значителни недостатоци во решенијата за определување и продолжување на оваа мерка изразени преку несоодветни образложенија на законските основи. Имено, заклучокот е дека образложенијата се шаблонизирани, неиндивидуализирани и содржат бегло прераскажување на законскиот текст од Законот за кривична постапка. Неизбежен е впечатокот дека приодот на судиите при оценка на тоа која мерка да се примени честопати започнува и завршува со притворот, наместо првин да се оценат можностите што ги даваат другите одредби од казненото процесно законодавство, а кои не водат кон стриктно ограничување на слободата на обвинетиот, туку значат наметнување забрани, ограничувања односно обврски.

Потребата од овој прирачник беше потврдена на неколку конференции и работилници во текот на 2008. година, во организација на Здружението на судии на Република Македонија, со поддршка на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје и Амбасадата на САД – Канцеларија за развој на прекуморските јавни обвинителства помош и обука (ОПДАТ). Претставниците на правосудните институции кои учествуваа на овие средби усвоија серија заклучоци кои укажуваат на проблеми во практичната примена на мерката притвор.

Прирачникот се обидува да понуди насоки за судиите и обвинителите за поширока примена на алтернативните мерки, како и изготвување аргументирани решенија кои ќе содржат оценка на конкретните околности поврзани со обвинетиот и кривичното дело што му се става на товар, а кои го оправдуваат определувањето мерка за обезбедување присуство.

---

[1] Се мисли на сите останати мерки наведени во Глава XVII од [1] Закон за кривична постапка – пречистен текст, Службен весник (15/2005), вклучувајќи ги и превентивните мерки.

[2] Анализа на 595 решенија за определување на мерката притвор донесени од македонските основни судови во периодот од Април 2004. до Јуни 2007. година; Во 516 од прегледаните решенија се идентификувани недостатоци кои се спротивни на домашните и меѓународните правни стандарди

## За мерката притвор...

### Што претставува притворот?

Мерката притвор претставува мерка на процесна присилба со која поради непречено водење на кривичната постапка се задира во правото на слобода и сигурност на човекот. Се манифестира со ограничување на правото на слобода на движење, слободата на комуникација и правото на семеен живот, преку затворање на обвинето (*de jure* невино) лице за сторено кривично дело, најчесто во ќелиски простории.

### Зошто се применува мерката притвор?

Оваа мерка служи како помагало да се обезбеди присуството на обвинетиот пред надлежен суд во кривичната постапка која се води против него. Исто така, таа претставува осигурителен елемент дека обвинетиот нема да ја попречува постапката (пр. работата на истражните органи) во врска со случајот на било каков начин, ниту пак ќе влијае на доказите или сведоците. Понатаму, оваа мерка се применува со цел да се спречи опасноста од понатамошно криминално поведение на обвинетиот.

### Финансиски импликации

Издржувањето на мерката притвор во затворските установи предизвикува соодветни финансиски трошоци. Чинењето на еден ден во притвор за едно осудено лице изнесува приближно 1.000,00 МКД. Буџетот на Република Македонија бележи значителни трошоци за спроведување на мерката притвор кои во 2006 година изнесувале близу 950.000 евра, а во 2007 оваа сума се зголемила на 1.135.000 евра. Вкупните фискални импликации вклучуваат и огромни суми на име надомест на штета за неосновано лишување од слобода.

Притворот не е единствена мерка со која може да се обезбеди присуството на обвинетиот пред надлежниот суд и успешното водење на постапката. Македонското и меѓународното законодавство овозможуваат палета други мерки кои може да се применат за остварување на истата цел. Со овие мерки се ублажува ограничувањето на човековите права и слободи и тие најчесто се поекономични. Сепак, кога станува збор за ефикасноста во остварувањето на целите на мерките за обезбедување присуство и успешно водење на постапката, мерката притвор се наоѓа на првото место.

Леснотијата со која се определува мерката притвор наведува на размислување дека, на моменти, се заборава сериозноста, суровоста и неизвесноста кои во себе ги содржи притворот, но и финансиските ресурси кои се потребни за негово спроведување.

Правото на слобода и лична сигурност ужива заштита во уставното право, меѓународното право за правата на човекот и во рамките на процесните закони од казнената област. Со притворањето неизбежно се суспендираат некои од основните човекови права и слободи гарантирани во домашните и меѓународните правила.

# I. Домашно законодавство
## *Мерката притвор и нејзините алтернативи*

Мерката притвор може да биде определена единствено според условите одредени во Законот за кривична постапка (ЗКП)[3].

Можноста на македонските судови да определат мерка притвор е дозволена во член 185 од ЗКП заедно со останатите “Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот и успешно водење на кривичната постапка”.

> „При одлучувањето која од наведените мерки ќе ја примени, надлежниот орган ќе се придржува кон условите определени за примена на одделни мерки, водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако може истата цел да се постигне со поблага мерка...“ *(член 185, став 2)*

Во Член 199 од истиот Закон се наведени стриктни услови кон кои судот мора да се придржува во случаи кога е донесена одлука да се определи притвор. Имено, првиот услов е постоењето на основано сомнение дека обвинетиот го сторил делото.

Штом ќе биде утврдено постоење на основано сомнение и се донесе решение за спроведување истрага, судот може да определи притвор за обвинетото лице според следниве правни основи:

i) ако тој/таа се крие, ако неговиот идентитет не може да биде утврден или ако постојат други околности коишто укажуваат на опасноста од бегство;

ii) ако постои основан страв дека тој/таа ќе ги уништи трагите на кривичното дело или ако одредени околности укажуваат дека тој/таа може да ја попречи истрагата со влијание врз сведоците, соучесниците или прикривачите и

iii) ако особени околности го оправдуваат стравот дека тој/таа може да го повтори делото, или дека ќе го доврши делото во обид, или ќе изврши кривично дело со кое се заканува.

Во случај на точка i) притворот што е определен само поради тоа што не може да се утврди идентитетот на лицето, трае се додека не се утврди неговиот идентитет. Во случајот од точка ii) притворот ќе биде укинат веднаш штом ќе се обезбедат доказите поради кои притворот бил определен.

Со цел да се одбегне прешироко определување на притворот, ЗКП предвидува и други мерки за обезбедување присуство на обвинетиот и успешно водење на постапката, кои во дел воопшто не заживеаја во нашата судска практика. Со новелата на ЗКП од 2004. година се пристапи кон

[3] Закон за кривична постапка – пречистен текст, Службен весник (15/2005, користен како референтен закон за потребите на овој прирачник)

проширување на мерките за обезбедување присуство, па покрај традиционалните - покана, приведување, ветување на обвинетиот дека нема да го напушти живеалиштето односно престојувалиштето и гаранцијата, се внесоа и другите превентивни мерки, краткотрајниот притвор и куќниот притвор.

Постојниот Закон за Кривична Постапка пропишува алтернативни мерки за притворот во членовите 189 – 197. Според истиот закон, следниве мерки им стојат на располагање на судиите кои одлучуваат дали да се задржи обвинетото лице во притвор или не.

Кога одлучува кои мерки да се применат, судот не треба да примени поостра мерка, ако истата цел може да биде постигната со поблага мерка. Судот исто така може да примени повеќе мерки во исто време освен во случаи каде судот определил притвор.

Некои од карактеристиките на останатите мерки за обезбедување присуство се состојат во следново:
- не водат кон ограничување на слободата, туку се состојат во наметнување посебни обврски, ограничувања или забрани,
- тие се похумани и поекономични,
- може да се комбинираат со цел да овозможат непречено одвивање на кривичната постапка,
- имаат определено времетраење односно определен износ,
- потребна е посебна контрола за придржувањето кон обврските, ограничувањата и забраните на лицето кому му се определени.

## а) Гаранција

Гаранцијата може да се оцени како една од најсоодветните можности за одбегнување на притворот кога постои страв дека обвинетиот ќе стане недостапен за органите на прогонот. Таа нуди широки можности за примена и би требало во секој конкретен случај судијата првин да процени дали има услови за определување гаранција па потоа да одлучува за примена на мерката притвор.

Гаранцијата може да се определи само поради страв од бегство и тоа како примарна мерка кога постојат основи за определување притвор или како заменска мерка кога обвинетиот веќе се наоѓа во притвор.

Фактичко прашање е колку ќе изнесува висината на гаранцијата и ЗКП ги определува начелно критериумите кои судот треба да ги има предвид при определување на висината на гаранцијата: а) тежината на кривичното дело, б) личните и семејните прилики на обвинетиот и в) имотната состојба на лицето кое дава гаранција. Според природата, гаранцијата може да биде предметна или лична.

Судбината на гаранцијата зависи од однесувањето на обвинетиот или од исходот на кривичната постапка и може да се внесе како приход во Буџетот на РМ,  да му се врати на обвинетиот или да се укине ако спрема обвинетиот е определен притвор.

**Препорака**

- со оглед на можностите што ги нуди гаранцијата, треба да се инсистира на нејзино широко користење,
- зависно од околностите на случајот, гаранцијата треба да се комбинира со некоја од другите мерки за обезбедување присуство,
- да се применува и како алтернатива за притворот и како алтернатива за куќниот притвор.

## б) Останати превентивни мерки

Во нив спаѓаат:

- забрана за напуштање на живеалиштето, односно престојувалиштето,
- обврска на обвинетиот да се јавува повремено на одредено службено лице или кај надлежен државен орган,
- привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање и
- привремено одземање на возачка дозвола, односно забрана за нејзино издавање.

Може да се применуваат пред започнување и во текот на истрагата, но и по подигнат обвинителен акт. Изречената мерка мора да престане со примена веднаш штом престанале причините за нејзино определување.

**Препорака**

- да се изрекува забрана за напуштање на живеалиштето или престојувалиштето секогаш кога не постојат услови за определување на куќен притвор и нема потреба од забрана за комуникација со лица или забрана за употреба на средства за комуникација,
- да се изрекува мерка одземање на патна исправа во комбинација со гаранција во случај кога постои страв од бегство, без притоа судиите да се оптоваруваат за сигурноста на државните граници,
- да се комбинира обврската за јавување на некое службено лице или надлежен државен орган со гаранцијата.
- мерката привремено одземање возачка дозвола може да се применува во случај на сторено кривично дело од областа на сообраќајот, или ако лицето сторило кривично дело под дејство на алкохол или наркотични дроги.

### в) Ветување за ненапуштање на живеалиштето односно престојувалиштето

Ветувањето во дел е истоветно со мерката забрана за напуштање на живеалиштето односно престојувалиштето која спаѓа во другите превентивни мерки, но има пошироки можности во таа смисла што при давањето ветување судот може да определи и забрана за посетување на одредено место или подрачје, забрана за приближување или воспоставување односно одржување контакти или врски со одредни лица при што со решение ја одредува далечината, местото или подрачјето до кое обвинетиот не смее да се приближи, односно наведува поблиски податоци за лицата со кои се забранува воспоставување или одржување контакти или врски.

Оваа мерка може да се комбинира со:

- забрана да се посетува одредено место или територија
- забрана да се биде во близина на лице или да се одржуваат контакти со лицето
    - *во вакви случаи судот ќе донесе одлука со детали за далечината, местото или територијата или податоци за лицето кое обвинетиот не смее да го контактира;*
- забрана за обвинетото лице да презема работни активности поврзани со кривичното дело
    - *ова треба да биде опишано детално во решението од судот;*

**Препорака**

- определување на ветувањето е корисно кога постои оценка дека ненапуштењето на живеалиштето треба да се зајакне со забрана за посетување на место или подрачје односно неприближување кон определени лица,
- од аспект на контрола посоодветна се чини забраната за напуштање на живеалиштето односно престојувалиштето одошто давањето ветување на записник.

### г) Куќен притвор

Може да се смета за корисна алтернатива на притворот која може да се примени само кога постојат субјективни причини што го оправдуваат неговото определување.

Судот определува забрана лицето да го напушта домот за определено време освен во случаи ако оддалечувањето е потребно заради лекување или ако тоа го бараат посебни околности поради кои може да настапат штетни последици по животот, здравјето или имотот на неговите блиски.

Забраната за напуштање на домот може да биде дополнета и со забрана за комуникација со лица или забраната за употреба на средствата за комуникација.

**Препорака**

- да се определува во случај кога постојат некои субјективни причини кои го оправдуваат (возраст, сериозна здравствена состојба, бременост, самохран родител на малолетно дете и сл.),
- има многу сличности со забраната за напуштање на живеалиштето и со ветувањето дека нема да се напушти живеалиштето, а основната разлика е во можната забрана за употреба на средства за комуникација која не може да се наметне со двете претходно наведени мерки,
- куќниот притвор треба да се применува и како примарна мерка за обезбедување присуство и како замена - кога е првин определен притвор па потоа истиот се заменува со куќен притвор или во случаи кога со правосилна пресуда е изречена казна затвор со времетраење пократко од пет години па на лицето до правосилноста на пресудата му се определува куќен притвор.

### д) Краткотраен притвор

Има два модалитети:

1) краткотраен притвор пред поднесено барање за спроведување истрага кој може да трае најдолго 48 часа и

2) краткотраен притвор во случај кога постои потреба од утврдување идентитет или проверка на алиби кој може првично да се определи на 24 часа со можност за уште 24-часовно продолжување на траењето.

Краткотрајниот притвор по својата природа повеќе е мерка за обезбедување предуслови за отпочнување на кривичната постапка одошто е мерка за обезбедување присуство на обвинет во постапката. Кривичната постапка сеуште не е започната бидејќи нема барање за спроведување истрага од страна на јавниот обвинител, не е утврден идентитетот на лицето односно не е проверено неговото алиби што претходи на оценката дали ќе се поведе постапка или не.

## II. Практична примена на мерката притвор

Главните органи кои учествуваат во примената на мерката притвор се: јавното обвинителство, одбраната (бранителите) и судот. Со цел успешно да се применува оваа мерка и нејзините алтернативи, потребно е секој од нив доследно да се придржува кон домашните и меѓународни стандарди кои го гарантираат правото на слобода и сигурност на личноста.

### 1. Улогата на јавниот обвинител

Според Законот за кривична постапка, само јавните обвинители имаат право да поднесат предлог за определување мерка притвор. Овој предлог најчесто се поднесува како дел од барањето за спроведување истрага во кое мора да бидат назначени околностите од кои произлегува основаното сомнение дека обвинетото лице е сторител на кривичното дело. Во предлогот за притвор, обвинителот треба да ги наведе законските основи поради кои смета дека е потребна примената на предложената мерка и поединечно да ги образложи.

Предлогот се поднесува до истражен судија на надлежен суд, кој одлучува дали ќе го прифати или одбие. (Член 161)

**Есенцијални елементи**
кои треба да ги содржи предлогот на обвинителството

1) Назначување на законските основи и причините поради кои се предлага определување на мерката притвор или друга мерка.
2) Соодветно образложение за постоење на секој основ за предложениот притвор на одредено лице, посебно за секое лице доколку предлогот се однесува на повеќе лица.
3) Докази (конкретни показатели) за потребата за определување притвор или друга мерка:

- извод од криминалистичка евиденција – дали обвинетиот бил осудуван или не, дали се води постапка за друго кривично дело, доколку постои таква евиденција за кое кривично дело,
- податоци за семејната и материјалната состојба на обвинетиот, дали поседува имот или фирми во странство
- дали поседува патна исправа и која (колку државјанства има)
- дали има роднини или блиски лица во странство, дали често патува во странство, дали се уште работи или има контакти со фирмата или работното место во врска со кое е обвинет, дали има одлука за престанување на работен однос,
- податоци за врските со предложените сведоци или со останатите обвинети (доколку ги има); показатели за постоење на опасност од влијание на истите
- достапноста до други докази кои треба да се изнесат во кривичната постапка

Членот 161, став 4, за обвинителот предвидува само можност за предлог за определување мерка притвор како дел од барањето за спроведување истрага. Сепак, пошироко толкуван, овој член нуди можност за обвинителот да ги предлага сите останати мерки за обезбедување присуство на обвинетиот и успешно водење на постапката.

Со цел успешно да го изготви барањето за спроведување истрага и предлогот за определување мерка притвор, јавниот обвинител треба да воспостави континуирана комуникација со полициските органи во текот на предистражната постапка. Тој треба да е постојано запознаен со природата на случајот и сите новини (нови факти, докази) откриени од полицијата. Во ваков случај, јавниот обвинител ќе има конкретни сознанија за тоа дали навистина постојат основи за примена на мерки за обезбедување присуство уште пред да го состави барањето за спроведување истрага.

Доколку во текот на предистражната постапка обвинителот увиди дека целта на постапката може да се оствари и со примена на поблага мерка од притворот, треба да ја предложи таа мерка во своето барање за истрага.

Обвинителот треба да бара од полицијата заедно со пријавата да поднесува „конкретни показатели“, односно докази дека лицето може да избега и да не се појави на судењето, да уништува докази, да заплашува сведоци или пак да го повтори делото или стори ново кривично дело.

Доколку обвинителот во неговиот предлог не изнесе доволно аргументи за потребата од притвор и не понуди доволно образложенија на основите според кои бара определување на оваа мерка, судот треба да му дозволи на обвинетиот да се брани од слобода или доколку самиот увиди дека постојат околности да изрече поблага превентивна мерка.

Доколку судот донесе решение со кое се одбива предлогот за мерка притвор или друга мерка, обвинителот има право на жалба во рок од 24 часа до кривичниот совет од член 22 став 6 од ЗКП. Во жалбата треба да се наведат сите дополнителни аргументи кои ја поткрепуваат потребата од примена на соодветна мерка.

## 2. Улогата на бранителот

Секое лице има право на бранител во преткривичната и во судската постапка. Осомничениот во преткривичната постапка, односно обвинетиот пред првото испитување мора да се поучи дека има право на бранител по свој избор и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување (Член 63, став 1 и став 2)

Обвинетиот мора да има бранител ако против него е определен притвор за време додека трае притворот (Член 66, став 2)

Откако е назначен да застапува определено лице во истражната постапка, бранителот има право и обврска да се запознае со предметната документација пред да започне процесот. Бранителот од истражниот судија треба да побара соодветно време за разгледување на предметот, барањето за спроведување истрага и предлогот за притвор, како и време за консултации со неговиот клиент. Судот е должен да му го обезбеди тоа.

Во текот на постапката бранителот има право да изнесува (усно) забелешки на предлогот за определување мерка притвор и да изнесува сопствени аргументи кои се однесуваат на истиот. Тој исто така може да предлага примена на поблага мерка како алтернатива за притворот.

Доколку истражниот судија донесе решение за определување мерка притвор, бранителот има право на жалба до советот од член 22 став 6 во рок од 24 часа од приемот на решението. Во жалбата тој треба да ги наведе сите сопствени аргументи кои ја оправдуваат можноста обвинетиот да се брани од слобода.

Доколку забележи дека во иницијалното решение за притвор не се содржани потребните елементи предвидени во член 200 од ЗКП, бранителот може да се повика на незаконитоста на тоа решение во неговата жалба.

Во случај кога клиентот се наоѓа во притвор, бранителот има право непречено да го посетува и да разговара со него и да разменува писмени документи без надзор од органите на затворот. Доколку на бранителите не им е дозволена ваква комуникација тие имаат можност да поднесат претставка до истражниот судија барајќи да им биде овозможено ова право.

Во исклучителни ситуации, кога притворот е определен поради опасноста дека обвинетото лице може да влијае на постапката со влијание на сведоци, уништување на докази или слично, судијата може да го ограничи правото на слободна комуникација. Решението на судијата се носи во писмена форма и мора да биде соодветно образложено.

Ако обвинетиот се наоѓа во притвор, бранителот може со него слободно и без надзор да се допишува и разговара. По исклучок, истражниот судија во текот на истрагата ова право може да го подложи на надзор ако притворот е определен по основ на член 199 став 1 точка 2, а постои сомнение дека обвинетиот ќе го злоупотреби општењето со бранителот *(член 70, ЗКП)*

Кај нас е востановена пракса дека за секоја посета на својот клиент во затворските простории бранителот мора посебно да побара дозвола од судот. Законот за кривична постапка нема конкретни одредби за овој дел од процедурата.

Доколку во текот на траењето на притворот бранителот увиди дека настанале промени во околностите на случајот со што престанува потребата од притвор, треба веднаш да поднесе предлог за укинување на притворот до кривичниот совет. Во предлогот треба детално да образложи зошто смета дека основите за притворање на клиентот престанале да постојат.

## 3. Улогата на истражниот судија

Истражниот судија ја има водечката улога во истражната постапка. Тој ја носи конечната одлука дали против обвинетото лице ќе се спроведе истрага и дали во текот на истрагата ќе биде применета некоја од мерките за

обезбедување на негово присуство и успешно водење на постапката. Додека обвинетото лице се наоѓа во притвор за него е одговорен истражниот судија. Истражниот судија не може да одлучи да определи мерка притвор доколку претходно не е поднесен соодветен предлог од страна на јавното обвинителство.

Истражниот судија е должен да им овозможи еднаквост на странките во постапката. Сета предметна документација која му е достапна на јавното обвинителство треба да и биде достапна и на одбраната.

При разгледувањето на својата одлука судијата ги зема предвид аргументите изнесени од обвинителството од една и одбраната од друга страна. Тој воедно се грижи и за законитоста на постапката.

Во истражната постапка, судијата најпрвин треба да утврди дали лишувањето од слобода на обвинетиот е извршено во согласност со законските норми. Потоа, треба да утврди постоење на основано сомнение дека обвинетото лице го сторило кривичното дело кое му се става на товар. Основаното сомнение треба да укажува на постоење на околности кои објективно би укажале на врска помеѓу обвинетиот и стореното кривично дело. (види *Пример 9:* Фокс, Кемпбел и Хартли против Обединетото Кралство).

Понатаму, судијата треба да пристапи кон испитување на обвинетото лице и сведоците. При испитувањето судијата добива дополнителни сознанија и информации кои ќе му помогнат да одлучи дали ќе нареди да се спроведе истрага против обвинетиот и да одлучи по предлогот за притвор.

### 3.1. Испитување на обвинетото лице

Постапката за испитување на обвинетото лице е определена во членот 230 од Законот за кривична постапка. При распитот на обвинетиот кога е поднесен предлог за определување мерка притвор, судијата би требало да ги поставува следниве групи на прашања:

*Прва група: Процедурални прашања со кои се започнува сослушувањето на обвинетиот*

1. Дали го разбирате и зборувате јазикот на кој се води постапката? Доколку не: Дали ви е потребен преведувач?
2. Како се викате?
3. Кога сте роден(а)?
4. Дали сте државјанин на Република Македонија?
5. Каде живеете/престојувате во Република Македонија?
6. Дали боледувате од нешто (некоја хронична болест)? Дали примате редовна медицинска нега? Дали имате потреба од медицинска терапија?
7. Дали некогаш сте биле третиран од некое ментално заболување?
8.
9. Дали имате повикано/назначено бранител или сакате судот тоа да го стори за вас?
10. Други релевантни прашања.

*Втора група: Прашања со кои се одлучува дали на обвинетиот ќе му се дозволи да се брани од слобода или е потребно да се изрече било каква мерка за обезбедување присуство и успешно водење на постапката*

1. Колку долго живеете во Република Македонија?
2. Дали поседувате движен или недвижен имот на територијата на Република Македонија или на друга територија и во колкав обем?
3. Дали поседувате моторни возила?
4. Дали сте вработен(а)?
5. Дали имате семејство? Дали издржувате некого, живеете со некого или пак живеете сам(а)?
6. Дали сте претходно осудуван(а)?
7. Други релевантни прашања.

*Трета група: Прашања со кои се одлучува дали да се определи алтернативна мерка или постои потреба и услови за да се определи мерката притвор*

1. Дали имотот што го поседувате е оптоварен на било кој начин?
2. Дали често патувате надвор од земјава?
3. Дали имате роднини кои живеат надвор од границите на земјава? Колку често контактирате со нив?
4. Колку пасоши поседувате? Кој вид на пасоши?
5. Дали поседувате штедна книшка, акции, обврзници...?
6. Дали имате телефон? Каде може судот да ве добие на телефон?
7. Други релевантни прашања.

### 3.2. Испитување на сведоците и обезбедување дополнителни докази

Доколку обвинетото лице се наоѓа во притвор, сведоците мораат да бидат изведени пред истражен судија и испитани што поскоро. Исто така, обезбедувањето на дополнителниот доказен материјал треба да биде сторено на ист начин. Постапката против обвинето лице кое се наоѓа во притвор треба да биде завршена во најкраток можен рок.

При испитувањето на сведоците судијата треба да поставува и прашања кои ќе му дадат до знаење дали постои опасност од обвинетото лице да влијае на нивните подоцнежни изјави, со цел да ја утврди потребата од притворање по вториот основ од член 199 став 1.

Доколку истражниот судија не добие доволно поткрепена документација или докази кои ја потврдуваат потребата од определување мерка притвор, а во текот на истрагата не утврдил дополнителни причини за определување мерка притвор тој треба да го одбие предлогот и да му дозволи на обвинетиот да се брани од слобода.

Истражниот судија треба да му овозможи на јавниот обвинител усно и на записник да го дополни (образложи) предлогот за определување притвор. Доколку обвинителот смета дека во иницијалното барање за истрага со предлог за определување мерка притвор не навел доволно образложенија и аргументи тој има право усно и на записник да ги изнесе пред судот.

На крајот од заседанието, истражниот судија е должен да им даде примерок од записниците на секоја од странките. Странките имаат право да истакнат забелешки во поглед на содржината веднаш по приемот на записниците (*член 326 став 2)*.

## 3.3. Решението со кое се определува мерката притвор

Информациите од предметната документација и сослушувањето на обвинетиот и сведоците, судијата ги користи за успешно да донесе одлука. Кога станува збор за притворот, постојат повеќе показатели кои укажуваат на потребата од оваа мерка кои доколку се утврдат, треба да бидат образложени во решението за притвор.

Откако ќе се увери дека има потреба од покренување истрага, судијата најпрвин ја испитува веројатноста обвинетото лице да стане недостапно за органите на казнениот прогон, опасноста да влијае врз истрагата и врз сведоците, да го повтори или доврши кривичното дело или пак да стори ново.

Судот е должен најпрвин да ја провери потребата на обвинетото лице да му бидат ограничени одредени слободи и права со цел да се обезбеди успешното водење на постапката. Потоа, доколку утврди опасност која може да биде спречена со употреба на некоја мерка, судијата треба да ја разгледа можноста да примени некоја од алтернативните мерки.

Притворот мора да се сфати како ***ultima ratio*** - мерка на која ќе се размислува само во случаите кога тоа ќе се оцени како оправдано и основано, при едновремена оцена дека ниту една друга мерка за обезбедување присуство не ќе биде доволно ефикасна.

За својата одлука судијата составува решение. Член 200, став 2 од ЗКП ги одредува основните елементи на решението за определување мерка притвор донесено од страна на домашните судови.

Притворот се определува со писмено решение кое содржи:

1. име и презиме на лицето кое е лишено од слобода;
2. кривичното дело за кое е обвинет;
3. законските/правните основи за притвор;
4. називот на установата во која се извршува притворот;
5. поука за правото на жалба
6. кратко образложение, *со* посебно објаснување на основите според кои притворот е определен;
7. службен печат;
8. потпис на судијата кој го одредил притворот;

**Притвор по точка 1** *(Член 199, став 1)* – се определува доколку судот се увери дека постои опасност обвинетото лице да избега и да стане недостапно за органите на прогонот и да се крие со цел да ги избегне последиците од судењето.

Исто така, мерката се применува доколку е потребно дополнително време да се утврди идентитетот на лицето. Во овие случаи примената на мерката *краткотраен притвор* честопати ги задоволува потребите за успешно водење на постапката.

При носењето одлука да се определи мерката притвор по првиот основ, судијата во решението треба да понуди соодветно образложение во кое ќе ја опише конкретната состојба на личноста на обвинетиот, околностите на кривичното дело и случајот, како и аргументите кои укажуваат на потреба од притворање на обвинетото лице.

Во наредната табела се прикажани некои од показателите врз основа на кои судијата би можел да донесе одлука да определи мерка притвор по првиот основ или или да го одбие предлогот.

| **Показатели при одлучување по предлог за определување мерка притвор по точка 1** | |
|---|---|
| **Постои веројатност за бегство** | **Мала веројатност за бегство** |
| Слаба имотна состојба: обвинетиот не поседува недвижен или движен имот во земјава | Солидна имотна состојба: обвинетиот поседува недвижност(и) и движен имот, има постојани месечни примања, поседува автомобил |
| Обвинетиот е невработен (треба да се провери колкав период трае состојбата на невработеност) | Обвинетиот е во редовен работен однос, со постојани месечни примања |
| Обвинетиот нема семејство | Обвинетиот има семејство и цврсти роднински врски во земјава |
| Обвинетиот нема постојано живеалиште на територијата на земјава | Обвинетиот сам се пријавил на полицијата за стореното кривично дело |
| Обвинетиот има често престојувано надвор од границите на земјава или често патува во странство | Обвинетиот ретко ги напушта границите на земјава |
| Обвинетиот имал претходно воспоставени работни односи надвор од земјава или е во тек постапка за добивање иселеничка виза | Обвинетиот до сега немал засновано никаков работен однос надвор од границите на земјава |
| Има роднини/цврсти пријателски врски со лица кои живеат надвор од земјава | Сите поблиски роднини на обвинетото лице живеат во земјава |
| На обвинетиот претходно му било судено во отсуство поради недостапност на органите на прогонот | Има репутација на совесен граѓанин. Или пак едноставно нема лоша репутација |

*Секој од овие показатели треба да се оцени поединечно и заедно и да биде потврден со цврсти аргументи и докази со цел да се смета за валиден дел од одлуката. Доколку обвинителството не успее да ги аргументира наводите за потреба од определување мерка притвор, судијата не би требало да го прифати предлогот.*

Како замена за притворот определен по точка 1, судијата може да определи и алтернативна мерка како гаранција, одземање на патна исправа, забрана за напуштање на живеалиштето односно престојувалиштето, ветување дека нема да се напушти живеалиштето односно престојувалиштето и куќен притвор.

**Притвор по точка 2** *(Член 199, став 1)* – се определува доколку судот се увери во веројатноста дека обвинетото лице ќе влијае на започнатата истражна постапка со тоа што ќе влијае на сведоците на кривичното дело или пак ќе уништува докази со цел да ја прикрие својата вина.

При носењето одлука да се определи мерката притвор по вториот основ, судијата во решението треба да ги образложи конкретните докази кои укажуваат на опасноста предвидена во член 199 став 1 точка 2.

Судијата е должен да ги сослуша сите релевантни сведоци во најкус можен рок, со цел да се елиминира основот за приворање поради опасност од влијание на истите.

Во наредната табела се прикажани некои од показателите врз основа на кои судијата би можел да донесе одлука да определи мерка притвор по вториот основ или или да го одбие предлогот.

| **Показатели при одлучување по предлог за определување мерка притвор по точка 2** | |
|---|---|
| **Постои веројатност дека ќе заплашува сведоци или ќе уништува докази или пак на некој начин ќе ја попречува истрагата** | **Мала веројатност дека ќе заплашува сведоци или ќе уништува докази или пак на некој начин ќе ја попречува истрагата** |
| Полицијата поднесе конкретни докази дека уште за време на предистражната постапка обвинетиот прикривал или уништувал доказен материјал | Не постојат сведоци кои не се испитани, нема конкретни показатели дека сведоците биле заплашувани или пак постои реална можност лицето да влијае на нив.<br>Воопшто не постојат сведоци на настанот |
| Изјави од сведоци укажуваат на тоа дека обвинетиот им се заканувал | Сведоците не чувствуваат можност за закана од страна на обвинетиот |
| Постојат докази дека обвинетиот веќе им се заканувал на можните сведоци (директно или индиректно) | Обвинетиот не се ни обидел да стапи во контакт со сведоците (директно или индиректно) |
| Постојат индиции за докази кои се уште не се обезбедени, а обвинетиот има пристап до нив | Не постојат докази до кои обвинетиот може да дојде.<br>Не постои конкретен показател дека обвинетиот има можност и намера да пријде кон можните докази и да ги унуштува |
| Обвинетиот има претходно криминално досие по основ принуда | Обвинетиот нема претходно криминално досие |
| Природата на кривичното дело е таква, што лесно може да се влијае на доказниот материјал | Природата на кривичното дело и околностите на случајот не нудат простор за влијание врз доказниот материјал |
| Ако обвинетиот делото го сторил како одговорно или службено лице | Ако во фазата на докажување на делото се применети посебни истражни мерки<br>Минало подолго време од сторување на делото до моментот на неговото откривање – обвинување |
| Репутацијата на обвинетиот и неговото претходно поведение наведуваат на опасност од влијание на сведоци или уништување на доказите | Нема лоша репутација која би укажала на веројатност од влијание на сведоци или уништување на доказите |

*Секој од овие показатели треба да се оцени поединечно и заедно и да биде потврден со цврсти аргументи и докази со цел да се смета за валиден дел од одлуката. Доколку обвинителството не успее да ги аргументира наводите за потреба од определување мерка притвор, судијата не би требало да го прифати предлогот.*

Притвор по точка 2 не треба да се определува ако:

- за истиот случај биле преземени посебни истражни мерки и доказите се прибавени и се наоѓаат кај јавниот обвинител односно истражниот судија.
- ако има јасни и недвосмислени докази поради што било поднесено непосредно обвинение

Потребно е посебно да се образложи што во конкретниот случај претставуваат „особени околности“ кои укажуваат дека обвинетиот ќе ја попречува истрагата.

Соодветни алтернативни мерки на притворот определен по точка 2 се мерките кои се состојат во ненапуштање на живеалиштето односно престојувалиштето во комбинација со забрана за посетување на определени места, контактирање со определени лица или некористење средства за комуникација.

**Притвор по точка 3** *(Член 199, став 1)* - се определува доколку постои опасност дека обвинетото лице ќе го повтори кривичното дело, ќе го доврши обиденото кривично дело кое му се става на товар, или пак ќе стори ново кривично дело со кое се заканува.

Кога судијата решава да определи притвор по точката 3 од член 199 став 1, тој треба детално да ја испита природата на обвинетото лице и да се увери во неговите намери доколку му биде допуштено да се брани од слобода. Тука, од значење е видот, природата и околностите под кои е сторено кривичното дело. Судијата треба да има предвид дали се работи за кривично дело кое може да се доврши и дали лицето има реални можности да го доврши или повтори истото.

Во наредната табела се прикажани некои од показателите врз основа на кои судијата би можел да донесе одлука да определи мерка притвор по третиот основ или да го одбие предлогот.

| Показатели при одлучување по предлог за определување мерка притвор по точка 3 | |
|---|---|
| **Постои опасност да го доврши кривичното дело, да го повтори или пак да стори ново кривично дело** | **Опасноста да го доврши кривичното дело или да го повтори или стори ново кривично дело се чини неверојатна** |
| Има врски и контакти со лица сторители на кривични дела од иста природа | Природата на кривичното дело е таква што е невозможно да се доврши или пак повтори |
| Јавно изјавува дека има намера да го доврши делото/се заканува со ново кривично дело | Постапките на обвинетиот не укажуваат на намера да го повтори кривичното дело/ не се заканува со ново кривично дело |
| Постојат конкретни докази дека обвинетиот има намера да го продолжи кривичното дело или да стори ново | Не постојат докази кои отвораат можност за обвинетиот да го продолжи кривичното дело или да стори ново |
| Обвинетиот е во постојан контакт со (живее во) местото каде е извршено делото (пр. Случаи на семејно насилство, силување на лице со кое живее...) | Обвинетиот не може да стапи во контакт со жртвата. Не живее во исто домаќинство, населба... |
| Жртвата на кривичното дело е незаштитена, а обвинетиот може лесно да дојде до неа | Жртвата на кривичното дело е заштитена и обвинетиот не може да дојде до неа |
| Довршувањето на кривичното дело носи значителна корист за обвинетиот | Обвинетиот нема никаква дополнителна корист од довршувањето на кривичното дело |
| Обвинетиот во краток период (не подолго од две години) бил осуден за кривично дело од иста природа (специјален повтор) | Обвинетиот не е претходно осудуван. Обвинетиот е претходно осудуван за полесни кривични дела или дела од друга природа. |

*Секој од овие показатели треба да се оцени поединечно и заедно и да биде потврден со цврсти аргументи и докази со цел да се смета за валиден дел од одлуката. Доколку обвинителството не успее да ги аргументира наводите за потреба од определување мерка притвор, судијата не би требало да го прифати предлогот.*

При определување притвор по точка 3. да се води сметка за својството на лицето кому му се определува притвор само заради страв да не го повтори делото. Не може да го повтори делото:

а) лице кое по започнување на постапката го загубило својството на службено или одговорно лице и не е лице кое има посебни овластувања,

б) лице кому му е одземена лиценца за работа,

в) лице кому му е одземен службен печат,

г) лице кому е определена суспензија од работа и сл.

### 3.3.1. Образложение на решенијата за притвор

Досегашната пракса на македонските судови бележи низа недостатоци[4] во решенијата за притвор, посебно во делот каде судот треба да даде детално образложение секој од законските основи.

Судиите треба да внимаваат нивните образложенија да не се сведуваат на презентирање само на законскиот текст. Тие треба да се аргументирани и поткрепени со докази. Судијата треба за секој од законските основи за притвор да даде соодветно образложение. (*види Анекс 1: Пример 7 и 8)*
При одлучувањето дали да определат мерка притвор, судиите можат да ја земат предвид висината на запретената казна за стореното кривично дело или пак висината на сторената штета, но не смеат да се повикуваат на нив како единствени параметри, туку мора да ги поткрепат со дополнителни аргументи.

Судиите треба да се трудат нивните образложенија да се конкретни а не воопштени. Параметрите како „природата на стореното кривично дело“, или пак „околностите под кои е сторено кривичното дело“ мораат дополнително да се образложат со конкретни податоци кои се однесуваат на обвинетото лице и кривичното дело кое му се става на товар.

### 3.4. Времетраење на притворот

> “Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време. Должност е на сите органи што учествуваат во кривичната постапка и на органите што им укажуваат правна помош да постапуваат со особена итност ако обвинетиот се наоѓа во притвор.“
> *Член 198, став 2 од ЗКП*

Пред да го донесе решението за притвор, судијата мора да се увери дека целта на мерките за обезбедување присуство на обвинетиот и успешно водење на постапката не може да биде постигната со примена на алтернативна мерка.

Иако според ЗКП судот има можност да определи притвор со најдолго времетраење од 30 дена (со можност за продолжување), судијата во решението за секој предмет поединечно треба да даде реална проекција на потребното време обвинетото лице да се држи во притвор.

Доколку во текот на истражната постапка престанат да постојат основите поради кои е определен притвор, судијата треба да го укине притворот.

[4] Се однесува на наодите од Анализата „Притвор Пред Судењето“ изготвена од Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје

## 4. Улогата на кривичниот совет од член 22 став 6 од ЗКП

Кривичниот совет е составен од тројца судии на првостепениот суд, чија задача е да одлучуваат по жалби на решенија донесени од истражниот судија. Кога станува збор за притворот, како втора инстанца, советот ја носи конечната одлука за тоа дали обвинетото лице ќе се брани од слобода или не.

По поднесена жалба против решение на истражен судија советот треба да ги спореди аргументите изнесени во жалбата со оние изнесени во решението. Доколку советот ја потврди одлуката на истражниот судија, во решението треба да даде конкретно образложение, коментирајќи ги сите аргументи изнесени во жалбата. Сепак, советот треба најпрвин да се увери во законитоста на првостепеното решение (да се увери дали решението ги содржи сите елементи предвидени во член 200 од ЗКП). При ова посебно внимание треба да се обрне на образложението.

Кривичниот совет може да определи поблага мерка доколку смета дека не постојат доволно аргументирани основи за притворање на одредено лице изнесени во обжаленото решение.

## **III. Правото на слобода и сигурност како меѓународен стандард**
*Членот 5 од Европската Конвенција за Човекови Права*
*и праксата на Европскиот Суд за Човекови Права*

Република Македонија со закон ја ратификува Европската Конвенција за Човекови Права - ЕКЧП на 17. април 1997 година со што истата е во правна сила. Согласно членот 1 од ЕКЧП, Република Македонија ја превзема обврската за почитувањето и обезбедувањето на човековите права и слободи на сите лица под нејзина јурисдикција.

ЕКЧП се смета за извор на правото имајќи ги во предвид уставните одредби на Република Македонија (чл.118) и таа може да се применува директно каде што околностите тоа го дозволуваат и индиректно преку инкорпорирање на нејзините стандарди во домашната легислатива, преку извршувањето на одлуките на Европскиот Суд за Човекови Права(ЕСЧП) преку компаративниот принцип на проучување и евентуално применување на одлуките на ЕСЧП кои се однесуваат спрема други држави, секако таму каде што одредените ситуации тоа го дозволуваат.
Правото на слобода и сигурност е целосно гарантирано во членот 5 од ЕКЧП.

*Членот 5 од Европската Конвенција за човековите права*

1. Секој има право на слобода и сигурност. Никој не смее да биде лишен од слобода, освен во законска постапка, во долу наведените случаи:

а. издржување на казна затвор по осудителна пресуда на надлежен суд;

б. законско лишување од слобода или притвор поради неизвршување на законски налог на судот или со цел обезбедување на извршување на обврска пропишана со закон;

в. законско лишување од слобода или притвор на лице, со цел негово приведување пред надлежни судски органи, кога постои оправдано сомнение дека тоа лице сторило кривично дело или кога е тоа неопходно за да се спречи извршување на кривично дело или бегство на осомничениот по извршување на кривично дело;

г. притвор на малолетник врз основа на судско решение за воспоставување на воспитна мерка или поради негово приведување пред друг надлежен орган;

д. притвор со цел да се спречи ширењето на некоја заразна болест, на ментално оболени лица, алкохоличари, токсикомани или скитници;

ѓ. законско лишување од слобода или притвор на лице, со цел да се спречи негово илегално влегување во земјата или против кое се води постапка за негово протерување или екстрадиција.

2. Секој кој е лишен од слобода веднаш ќе биде известен, на јазикот што го разбира за причините поради кои е лишен од слобода и за сите обвиненија против него.

3. Секој кој е лишен од слобода или притворен согласно на одредбите од ставот 1 в. од овој член навремено ќе биде изведен пред судија или друго службено лице овластено со закон да ја врши судската власт, ќе има право да му биде судено во разумен рок или да биде пуштен(а) на слобода во текот на судската постапка. Пуштањето може да се услови со

барање на гаранција дека лицето ќе се појави на судењето.

4. Секој кој е лишен од слобода или притворен има право да изјави жалба, по која судот ќе одлучи во најкус можен рок и ќе нареди негово ослободување, доколку лицето било незаконски притворено.

5. Секој кој бил уапсен или притворен спротивно на одредбите од овој член, има право на надомест на штета.

а. Член 5, став 1

Како што може да се види од текстот во првата реченица на овој член, правото на слободата и сигурноста се третирани во исто време, додека во последователниот текст се елаборира само правото на слободата. Сепак, правото на слободата и сигурноста се третираат унитарно, а правото на сигурноста мора да се гледа во правец на остварување на правото на слободата и заштита на индивидуалецот од арбитрерноста во постапувањето кога лицето е лишено од слобода.

Правото на сигурност се третира и во предметите каде што притворените или уапсените лица биле исчезнати, а Судот наоѓа дека надлежните органи не спровеле задоволителна истрага на инсистирањето на тужителот во случај кога одредената личност била притворена, а тужителот бил загрижен за неговиот живот. Притворањето, во отсуство на заштитата предвидена во член 5, е третирано како особено силна повреда на слобода и на правото на сигурноста на лицето.

***Пример 1:*** **Боцано против Италија,** *Bozzano v. Italy*
Судот прифатил дека правото гарантирано во Конвенцијата претпоставува дека секоја мерка која што доведува до губење на слобода на индивидуата мора да биде компатибилна со целите на членот 5, што значи да го заштити истиот од арбитрерност.
Тука, прашањето не е само правото на слобода, туку и правото на сигурност. Се поставува прашање дали целта на опфаќањето и правото на сигурност на овој начин е оправдана. После се, имајќи ја предвид обврската да се даде правна заштита на правото на слобода и забраната од арбитрерност во рестрикцијата на ова право кое што резултира од членот 5, дури и без додавање и на зборот “сигурност“ се постигнува целта а тоа реферира на повеќе од само заштита од ограничување на слободата.

Државите треба да дадат гаранција во делот од секакво преоѓање на граница на физичката сигурност на лицата. Како примери за погоре наведеното може да послужи непотребното заканување со физичкиот интегритет на лицата во време на полициската акција или против поттикнувањето на акција против одредена група на лица.

*Разлика помеѓу губење и рестрикција на слободата*

Разликата на овие термини произлегува од значењето на зборот слобода кое согласно интерпретирањето на ЕКЧП кореспондира на значењето на физичка слобода. Смислата на член 5 е дека иако правото на слобода не е апсолутно право, лицето може да биде притворено само врз основа на закон, во процедура одредена со закони кои треба да бидат конзистентни и да се во согласност со признатите европски стандарди.

***Пример 2:*** **Гузарди против Италија,** *Guzzardi v. Italy*
Апликантот живее на изолиран простор - остров. Во овој случај изречената мерка - полициско надгледување е комбинирана со присилниот престој на островот каде што слободата на движење била лимитирана и Судот прифаќа дека во конкретниов случај губењето на слобода е инволвирано.

***Пример 3:*** **Амир против Франција,** *Amir v. France*
На азиланти од Сомалија не им било дозволено да влезат во Франција и престојуваат во транзит зоната на аеродромот. Судот прифаќа дека можноста да ја напуштат транзит зоната е само теоретска имајќи во предвид дека нема друга земја што е спремна да им одобри влез и да им понуди соодветна заштита, што значи дека се интервенира во нивната слобода. Ваквите мерки Судот прифаќа дека доведуваат до губењето на слободата.
Разликите помеѓу губењето на слободата и другите рестрикции на слобода не се децидно одредени и истите зависат од интензитетот на ограничувањата.

Правото на слобода е многу важно право во едно демократско општество, па дури и фактот дека лицето се согласило да биде притворено не може да се третира како околност која што ќе ја исклучи потребата од оценување на незаконитото губење на слободата. Согласноста не значи дека лицето ја губи бенефицијата на заштита извлечена од Конвенцијата.

*Исклучоци од забраната за губење на слободата (Став 1 точки а – ѓ)*

Членот 5 од ЕКЧП содржи исцрпна енумерација на исклучоците од забраната за лишување од слобода и заради тоа и тие требаат да се интерпретираат ограничено. Само со ваков пристап се постигнуваат целта и намерите од членот 5 од ЕКЧП, а тоа е да се осигури неарбитрерност во губењето на слободата. Конвенцијата го бара постоењето на елементарниот услов - постоење на постапка пропишана со закон во земјата која е во прашање при лишување на слободата. Членот 5 во понатамошниот текст ги набројува основите за губење на слободата и тоа под потточките а, б, в, г, д, и ѓ. Постапката мора да дава “доволна стабилност и правна сила“ за да истата послужи како основа за притворот.
Законското притворање согласно толкувањето на Конвенцијата е есенцијално и се однесува на националната процедура или материјалното право.

Европскиот суд фактички испитува дали националниот закон кој што не мора да биде пишан во класична смисла на зборот е во согласност со Конвенцијата, како од процедурален аспект така и од материјален.

### а.1. Прв исклучок

Се однесува на законското притворање откако личноста ќе биде осудена од надлежен суд.

Три елементи се од значење:

- надлежен суд,
- законитост и
- после осудување

Само Судот може да го покрие терминот надлежен суд. Судот е независен од егзекутива и од странките. Законитоста се дискутира во смисла на општото толкување: јасност и предвидливост, а терминот после осудување го има значењето дадено согласно националната легислатива.

### а.2. Втор исклучок

Се однесува на законското лишување кое претпоставува:

- непридржување,
- неисполнување на законска обврска,
- наредба на суд.

Во овој контекст судските одлуки треба да се јасни, доволно објаснети, а не генерални и да лишувањето од слобода во вакви случаи е предвидено со националниот закон.

Примери:

- Текстот во одлуката "да се однесува добро", има карактер на генерална одлука и се смета за недоволно објаснет.

- Кога станува збор за лишување од слобода со цел да се изврши психијатриско вештачење, притворот од неколку дена пред да биде извршено одреденото психијатриско испитување и продолжувањето на притворот по испитувањето е третирано како повреда на член 5, став 1б.

*Губење на слобода со цел да се осигури исполнување на некоја обврска која што е предвидена со закон.*

Овој дел од вториот исклучок е помалку јасен и како би се постигнала поголема конзистентност, потребно е да се примени тестот на баланс помеѓу она што е важно во демократското општество за обезбедување на исполнување на обврската што е во прашање и важноста на правото на

слободата. Должината на притворот е релевантен основ за утврдување на овој баланс. Други релевантни фактори се природата на обврската што произлегува од релевантната легислатива, вклучувајќи го објектот и целта, лицето што било притворено и посебните околности кои довеле до притвор.

***Пример 4:*** **Василева против Бугарија,** *Vasileva v. Bulgaria*
Лицето е притворено заради неоткривање на идентитетот. Иако притворот бил покриен со член 5, став 1б), неговата должина во контекстот на специјалните околности на случајот биле непропорцијални со основаноста на нејзиниот притвор.

## а.3. Трет исклучок

Се однесува на апсење или притвор ако постои основано сомнение дека е сторено кривично дело, или ако оваа мерка се смета за разумно потребна да се спречи извршување на кривично дело, или да спречи бегство откако е сторено кривично дело. Овој исклучок од губење на слободата е во врска со член 5, став 3, (за подетално објаснување види подолу) претпоставува дека секој кој што е притворен по овие основи мора да биде изведен веднаш пред судски орган и дека тој има право на судење во разумен рок, или со можност во текот на судскиот процес тој да се ослободи. Ослободувањето се однесува само во врска со притворот и пуштањето може да се услови со гаранција дека лицето ќе се појави на судењето.

Термините компетентен правен авторитет, законитост и основано сомневање немаат кумулативно значење. Интерпретацијата на овие термини кореспондира со “документите“ - (подготвителни работи за изготвување за текстот на Конвенцијата).

Кога лицето е уапсено, врз основа на постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело или со цел да се превенира сторувањето на кривичното дело, или да се спречи бегство после сторување на делото, согласно Конвенцијата се услови оправдани само ако стварната намера за тоа апсење е да доведе до донесување на лицето пред надлежен судски орган.

***Пример 5:*** **Броган против Обединетото Кралство,** *Brogan v. the United Kingdom*
Апликантите наведувале дека нивното апсење и притворање не било со цел истите да се доведат пред надлежен правен орган имајќи во предвид дека тие ниту биле доведени пред суд, ниту било покренато обвинение.

Од друга страна пак, самиот факт дека притвореното лице кое подоцна е ослободено со судско решение не значи дека апсењето било спротивно на законот и со ретроактивен ефект. Членот 5, став 1в) бара само да постои основано сомневање. Во моментот на апсењето не е потребно да е цврсто

утврдено дека делото било сторено или која била попрецизно одредена природата на делото.
Терминот "основано сомнение" претпоставува постоење на факти или информации кои што ќе бидат задоволувачки за објективниот набљудувач дека лицето за кое што станува збор може би го сторило делото или има намера да го стори. Основаноста зависи од сите околности во случајот (Фокс, Кембел и Хартлеј против Обединетото Кралство). Судот мора исто така да утврдува дали однесувањето на притвореникот може основано да доведе до негова вмешаност со кривичното дело.

Во погоре наведениот предмет, судот, после длабоко истражување, дошол до заклучок дека поранешното осудување на апликантите за терористички акт *не може само по себе да претставува единствен основ* за сомневање а истовремено да биде и оправдување за апсењето што се случува седум години подоцна.

Како правило, член 5, став 1в) не предвидува оправдување за повторно притворање или за продолжување на притворот на лице кое што ја издржало казната после осудувањето во случај кога постои сомневање дека тој може да стори во иднина слични кривични дела.

### а.4. Четврт исклучок

Се однесува за притворање на малолетници врз основа на судска одлука за воспоставување на воспитна мерка или поради негово приведување пред надлежен судски орган.
Ваквото притворање во многу правни системи е дозволено во интерес на малолетникот дури и во случај кога нема сомневање дека е сторено некое кривично дело, како и во случаите кај зависност од дрога, проституција или кога малолетникот е несоодветно третиран.
Текстот зборува само за правна и законска наредба, така што произлегува дека не се бара да постои наредба која што мора да биде издадена од судски орган. Имајќи го во предвид пак ставот четири од членот 5, малолетниците како и другите, се разбира преку нивните правни застапници, имаат право да поведат судска постапка за ревидирање, преиспитување на законитоста на ограничувањето на нивната слобода.
Притворот да се смета за законит треба целта на притворањето да е донесување на лицето пред надлежен правен орган. Кој е тој орган е детерминирано преку националниот закон со примена на тестот кој што се однесува за "законито притворање".

### а.5. Петти исклучок

Се однесува за притвор на лица со намера да се спречи ширење на инфективни болести, притворање на ментално болни лица, алкохоличари, токсикомани или скитници. Се што беше речено досега во однос на законитото постапување, надлежните органи и примената на наведените тестови се однесува и за овие лица и нивните права. Во овие случаи, особено се цени опасноста за јавното здравје и сигурност како и дали постојат помалку строги мерки отколку притворот кои што можат да го обезбедат зачувувањето на јавниот интерес. ЕСЧП во своите одлуки точно утврдува

елементи кои што се употребуваат за идентификување на поединечните категории на погоре наведените лица.

Ментално болното лице треба да биде дијагностицирано преку објективно медицинско испитување, дали состојбата е таква да го оправдува притворот и дали притворот треба да се продолжи.

### а.6. Шести исклучок

И покрај тоа што Конвенцијата не гарантира на странци нивно влегување и престој во државата потписничка, сепак членот 5 дава одредени гаранции во случаите каде што државните органи уапсиле или притвориле странец за кого се води постапка за адмисија (дозвола за влез), депортација или екстрадиција. Гаранциите се од таков вид да апсењето и притворот мора да бидат законити и заради тоа да бидат во согласност со националното и меѓународното право и рестрикциите да не бидат одредени арбитрерно - самоволно. На ова се додава и правото од чл.5, ст.4 да секој има право на законско право таквата рестрикција да биде преиспитана од суд.

Примери за такви предмети:

- Амур против Франција, Amur v. France
- Цонка против Белгија, Conka v. Belgium
- Бозано против Франција, Bozano v. France
- Саиди против Обединето Кралство, Saidi v. United Kingdom

На крајот, за рестрикциите треба да се каже дека едно лице може да биде притворено по неколку основи од членот 5, став 1. На пример, ако притвореникот бил осуден од првостепен суд и неговиот притвор е продолжен истиот случај нема веќе да се испитува под точка в), тука под точка а).

***Пример 6:* Херцегфалви против Австрија,** *Herczegfalvy v. Austria*
Решението со кое што апликантот бил сместен во институција за ментално болни сторители на кривични дела, без притоа да биде осуден и да му е изречена казна било укинато во жалбената постапка. Од тој момент, ограничувањето на правото на слобода потпаѓа под испитување на околностите предвидени во чл.5, ст.1, точка в). Потребно е да се има во предвид дека секој предмет е со свои специфики, а на истите Европскиот суд обраќа големо внимание, применувајќи го принципот на индивидуален пристап при

### б. Член 5, став 2

Конвенцијата предвидува тој што е уапсен, веднаш да биде информиран на јазик кој тој го разбира, за причините за неговото апсење и за евентуалните обвиненија против него. За примена на овој член, треба да се разработуваат

елементите “веднаш“ и “разбирлив“ јазик. Иако се зборува за апсење и обвинение, што значи дека може да се добие впечаток дека овој член се однесува само за кривично - правни ситуации, сепак Судот прифаќа дека членот 5, став 2 се однесува за сите лица кои што се наведени во членот 5, став 1 и дека постои тесна врска меѓу овие ставови.

Целта на овој член е да притвореното лице адекватно е информирано за причините за притворот, да му овозможи нему да ја оцени законитоста на притворот и превземената акција за да поднесе жалба против таквото решение, кое право му е предвидено по чл.5, ст.4.

Начинот и времето на информирањето се од особено значење. Правните основи за притворот заедно со есенцијалните факти се релевантни за законитоста на решението за притворот и истите треба да бидат презентирани веднаш на едноставен, технички јазик што ќе овозможи засегнатото лице истите да ги разбере.

Потребно е да се има предвид и дека секој кој што е лишен од слобода има право да изјави жалба по која судот ќе одлучи во најкус можен рок и ќе нареди негово ослободување доколку лицето било незаконски притворено. (читај чл.5, став 4).

***Пример 7:*** **Саиди против Обединето Кралство,** *Saidi v. United Kingdom*
Судот наоѓа повреда на член 5, став 2 заради што причините за одредување на мерката притвор не биле дадени доволно брзо.
Даваните општи изјави како што се “парламентарните објавувања“ за режимот на предметниот прифатен центар не биле доволни да ги заменат условите за потребите на чл.5, став 2 за да лицето биде информирано за причините за притворање.
Со оглед дека лицето за првпат било информирано за причините за притворање после 76 часа поминати во притвор, судот прифатил дека постои повреда на чл.5, став 2 и дека не се исполнети условите во смисла на значењето на поимот “веднаш“.

### в. Член 5, став 3

Одредбите од членот 5, став 3 од ЕКЧП заслужуваат посебно внимание и подетална разработка. Најважно во овој дел од содржината на чл.5, ст.3 е што е неговата цел.

Целта е секој кој што е уапсен или притворен согласно чл.5 ст.1в мора веднаш да биде донесен пред суд или пред орган кој што ја врши според закон судската функција и да има право на судење во разумен рок или да го чека судењето од слобода. Ваквата слобода може да биде условена со одредени гаранции дека лицето ќе се појави на судењето.

Постојат пет услови кои треба да се исполнат за ограничувањето на слободата да е дозволено:

1. да се утврди **дали лишувањето од слобода е законско**, пропишано со закон.
2. да се изнесе лицето **веднаш пред надлежен судски орган**.
3. да постои **основано сомневање** дека лицето сторило кривично дело или основано се смета дека е потребно да се спречи да направи кривично дело или пак да избега откако веќе го сторил кривичното дело.

4. е да има **судење во разумен рок** или можност притвореното лице да биде слободно во очекување на судењето.

5. ваквото ослободување да биде условено со **гаранции** дека лицето нема да избегнува да се појави на судење.

Треба да се напомене дека одредбата од член 5, став 3 е применлива од апсењето или притворањето на лицето до донесувањето на пресудата што вклучува продолжување на притворот во тој период. По донесување на правосилна осудителна пресуда се применува член 5 став 1а.

**в.1. Законитоста на лишувањето од слобода** се оценува од аспект на првото лишување на слобода и истото во целиот свој тек мора да биде во согласност со националното законодавство и принципите предвидени во конвенцијата. Она што е основно е дека мора да постои кривично дело кое е предвидено по националниот закон и да тоа биде основа за лишување од слободата. Но ова не значи дека треба да постои потреба да се утврди дека било направено кривично дело туку дека однесувањето на лицето кое е притворено е од таков карактер да го поттикнува лишувањето од слобода.

**в.2. Обврската лицето да се изнесе пред суд кога е притворено е основна цел на притворањето**

Толкувањето „што е судски орган?“, засега според нашето законодавство не претставува проблем од причини што националната легислатива е јасна и нема можност за забуна (барем теоретски е потребно судот како орган да биде одвоен од извршната власт и странките).

**в.2.1 Само судот го одредува притворот** и судот се грижи за согласност со критериумите наведени во судската пракса на ЕСЧП во целост да се исполнети.

Оваа концепција за Суд не треба да се меша со непристрасноста и независноста на Судот од аспектот на постапувањето на истиот во конкретни случаи, што значи функционирањето на судството во пракса на т.н. “објективност во презентирањето“, во времето кога одлуката за притвор е донесена.
Прашањето за независно и непристрасно судство би се третирало од друг аспект.

**в.3.** Основаното сомнение дека лицето кое е притворено го сторило делото ги содржи елементите дека:

1) Сомнежот мора да е вистинит на начин да истиот не е произволно заснован.
Потребно е да се заснова врз факти или информации кои објективно го поврзуваат со осомниченото лице.

***Пример 8:*** **Луканов против Бугарија,** *Lukanov v. Bulgaria*
Судот утврди дека не бил обезбеден ниеден факт или информација кои би покажале дека обвиненијата претставуваат кривично дело според Бугарскиот закон.

2) **Основите за притворањето** потребно е да се поткрепени со релевантни и доволни основи за притворање на лицето.
Основањето на сомневањето мора да го има во предвид индивидуалниот пристап кон притворањето. На ова особено треба да се додаде дека презентирање на чистиот законски текст за дадените основи за притвор е недоволен.

3) Како трет елемент кој ги подржува претходните е постоењето на основи кои го оправдуваат мислењето дека притворот е потребен за наведените причини.

***Пример 9:*** **Фокс, Кемпбел и Хартли против Обединетото Кралство,**
*Fox, Campbell and Hartley v. The United Kingdom*
Оценувајќи ја основаноста судот ја применува формулацијата “бона фиде сомневањето“ имајќи во предвид дека станува збор за акти врзани за тероризмот. Фактот дека двајцата апликанти биле порано осудувани за терористички акт врзани за ИРА иако може да го оправдува сомневањето за поврзаноста во делата кои им се ставале на терет, но тоа не може да биде само или единствениот основ за да го оправда сомневањето за нивното апсење овие елементи не го поткрепуваат фактот за заклучокот дека постои основано сомневање.

**в.3.1. Основата за притвор** да се спречи да направи кривично дело исто така претпоставува потреба од информации и факти во таа насока. Не се потребни цврсти докази но, основаноста на сомнението мора да се базира врз одредени образложени основи како што е кажано погоре во текстот.

**в.3.2. Бегството како основ за притвор.** Општиот заклучок дека лицето може да побегне особено што неговото прво апсење, приведување и сл. било отежнато или нелесно извршено, само по себе не е доволно за да ја покрие причината за притворање или продолжување на притворот. Овој општ заклучок е уште помалку оправдан ако не постои објективна причина за бегство или не се утврдени причините за бегство. Треба да се утврди кои се факторите кои би можеле некого да го наведат да избега без разлика на последиците кои би постоеле и опасностите со кои треба да се соочи.

Височината на казната сама по себе не е доволна да ја оправда причината за бегство.

Што би претставувало релевантно во утврдувањето на ризик од бегство имајќи ја во предвид праксата на ЕСЧП:

- врските со друга земја што би можеле да го олеснат бегството
- или пак непостоење на врски во земјата каде постапката се
- покренува,
- обем на сопственост(недвижен или движен имот, вклучувајќи и
- парични средства, акции, обврзници и друго);
- поранешни докази за доверба кога ќе се ослободи,
- обем на гаранции дека лицето ќе се појави на судење,
- целокупната семејна состојба на лицето и меѓусебните односи
- на членовите во истото;
- прашањата поврзани со патните исправи – генерално и
- посебно.

Ако не можат да се добијат јаки гаранции дека нема да дојде до бегство да се разгледаат евентуални други мерки како:

- барање лицето да престојува на едно место,
- да ги предаде патните исправи или
- редовно да се јавува во полиција или друг орган заснован со национални акти.

**в.3.3. Ризикот да ја попречи истрагата** може да биде основ за продолжување или одредување на притворот, но можностите не ќе може да се третираат абстрактно, туку мора да постојат конкретни фактички околности кои ќе ги подржат основите во однос на лицето кое е во прашање.

**в.3.4.** Како основа за притвор може да се јави потребата за **спречување да се стори кривично дело** меѓутоа - потребни се релевантни факти кои ќе го поткрепат постоењето на ваквиот основ како што се:

- историјата на засегнатото лице (секаков вид на податоци),
- психијатриската проценка,
- однесувањето на лицето како и
- делото за кое се претпоставува дека ќе се стори.

Сите овие основи треба да се презентираат со конкретизирање на истите преку фактите на случајот.

**в.3.5.** Основа за притвор како потреба за **одржувањето на јавниот ред и грижата за заштита на обвинетиот** се јавува во ретки и вонредни случаи, но и во таквите случаи постојано се проверуваат постоењето на конкретните основи за постојниот случај со презентирање повторно на конкретните основи. Шокот кој се јавува кај јавноста како резултат на настанот кој претпоставува одредена постапка не е долготраен и тој само како таков не предизвикува загриженост за одржување на јавниот ред.

**в.4. Гаранцијата** како гарант за заштита на правото на слобода особено се употребува кога се работи за обврската на лицето за присуство на судење. Секогаш, во конкретен случај се утврдуваат релевантните околности.

Времетраењето на притвор пред судење (чл.5 став 3) се однесува на можноста за правото на притвореното лице да има судска постапка во разумен рок кој се третира во секој посебен случај.

***Пример 10:*** **Кастравет против Молдавија,** *Castravet v. Moldova*
Причините на кои се потпираат домашните судови во нивните решенија за притворање на апликантот и нивно продолжување, се ограничени на парафразирање на причините за определување притвор кои се наведени во Законот за кривичната постапка, без да објаснат како всушност тие се применуваат во конкретниот случај (т.34).
Европскиот суд утврдил дека не постојат дополнителни аргументи кои би ги подржале основите во решението и земајќи ги предвид овие околности наоѓа:
Презентираните законски одредби од кривичната постапка на државата Молдавија без да се даде образложение, зошто во одредената ситуација е потребно да се одреди мерката притвор.
Затоа, во оваа насока постои прекршување на членот 5(3) од Конвенцијата (т.36).

***Пример 11:*** **Белчев против Бугарија,** *Belcev v. Bulgaria*
Членот 5(3) од Конвенцијата не може да се интерпретира како да дозволува притвор пред судењето безусловно се додека тој не надмине одреден период. Образложение за секој период на притвор, без оглед на неговата должина мора да биде убедливо демонстриран од страна на судските власти.

***Пример 12:*** **Вемхоф против Германија,** *Wemhoff v. Germany*
ЕСЧП наведува дека: „Лице кое е обвинето за кривично дело мора секогаш да биде ослободено за време на судењето, освен ако Државата не покаже дека постојат „релевантни и доволни“ причини кои го оправдуваат притворот.

**Пример 13: Клот против Белгија,** *Cloth v. Belgium*
Аргументите за или против пуштање на слобода не смеат да бидат „воопштени и апстрактни“.

г. Член 5, став 4

Оваа одредба ја гарантира можноста за притвореното лице да иницира постапка за оспорување на законитоста на притворот пред суд, кој мора брзо да донесе одлука за ослободување ако одлуката за притворот е незаконита – право на жалба. Во жалбената постапка исклучиво постапува суд, а не некој друг орган. Обврска на судот е да постапува брзо и да ги има во предвид релевантните елементи од чл. 5 од ЕКЧП.

Доколку утврди дека одлуката која што ја испитува е незаконита (незаконско притворање) истиот ќе нареди ослободување на лицето кое што било притворено.
Товарот на докажувањето и евентуалната потреба од изрекувањето на мерката притвор, треба постојано да го носат учесниците кои се врзани со предлагањето на мерката притвор и апсењето. Горенаведениот товар не смее да го носи лицето кое се притвора или апси. Треба да се напомене во овој контекст дека судот кој ја донесува одлуката по барањето за одредувањето на мерката притвор заедно со другите надлежни органи се должни сите во рамките на своите надлежности да ја испитуваат можноста за примена на алтернативните мерки на притворот.

### д. Член 5, став 5

Го покрива правото за надомест на штета за притвор кој бил одреден спротивно на одредбите од чл.5 ставовите 1,2,3 и 4.
Толкувањето на терминот "незаконски" не смее да се интерпретира од аспект на тоа дали постоела домашна законска легислатива и дали лицето било притворено согласно истата.
Карактерот на "незаконски" се испитува од аспект дали во случај кога постои национална легислатива притворањето било самоволно или арбитрерно. Повредите на чл.5 ст. 1,2,3,4 од ЕКЧП не смеат рестриктивно да се толкуваат.
Членот 5 ст.5. од ЕКЧП се однесува за најдени повреди на одредената мерка притвор кои повреди се најдени преку соодветното толкување на овој член.

Концептот на надомест од чл.5 ст.5. е во согласност со наоѓањето дека овој чл. се применува за надомест на штета за сторена повреда на правото на слобода како резултат спротивен на наведените гаранции, услови или исклучоци од чл. 5 ст. 1,2,3 и 4. Статусот на жртва постои и тогаш кога жртвата не докажала дека претрпела материјална или нематеријална штета. Од друга страна ова не значи дека државите потписнички имаат забрана да одредат по спроведената национална постапка надомест на штета откако лицето ќе докаже дека таа штета резултирала од повредата.

# Анекс 1

Примери од праксата на македонските судови

## Пример 1: Барање за спроведување истрага со предлог за притвор

**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**ГЕВГЕЛИЈА**
**КО.бр.______**
**12.09.2005**

**ДО ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**
**-истражен судија-**

**Врз основа на член 42 став 2 точка 3 в.в. со член 160 и 161 од ЗКП, поднесувам:**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАГА**

**СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕРКА ПРИТВОР**

**ПРОТИВ:**

**1.__________** во Куманово, каде и живее на ул.______, Македонец, државјанин на РМ, со МБ _______ осудуван за кривично дело "Криумчарење" од член 278 став 1 од Кривичниот законик со парична казна и за кривичното дело "Фалсификување исправа" од член 378 став 1 од Кривичниот законик со условна осуда со утврдена казна затвор во траење од 3 - три месеци со рок на проверка од 2-две години, се́ уште трае рокот на проверка.

Поради постоење на основано сомневање да сторил кривично дело **"Криумчарење на мигранти" од член 418 б став 1 и став 4 од Кривичниот законик.**

**Со тоа што:**

На 11.09.2005 година во 22,30 часот обвинетиот ____ од користољубие илегално пренесувал осудм мигранти преку државната граница на ГП "Стар Дојран" на излез од Република Македонија, на начин што откатко мигрантите – албанските државјани, __________за цена од по 1300 евра се договориле со лице НН по име Бесник од Р.Албанија, а албанските државјани _____ малолетникот ____за цена од по 1000 евра со НН лице по име Муслим од Р.Албанија илегално да ги пренесат во Р.Грција, по што истите легално влегле во Македонија и на непознато место на паркинг плац во Р.Македонија ги превзел обвинетиот со неговото ТМВ марка "Фиат Ивеко" со рег.бр.КУ-812-ЦК, со полуприколка марка "Итас" со рег.бр.КУ-773-ЦК, сопственост на неговата фирма ДПТУ "Гутешпед" Куманово сестувајќи ги во

полуприколката во специјално вградени два бункера под долниот дел на полуприколката, истите се откриени од страна на царинските работници на ГП "Стар Дојран".

Основаното сомневање да обвинетиот го сторил кривичното дело произлегува од кривичната пријава Ку.бр.154-24.1.1/3552 од 12.09.2005 година, записник за задржано лице, пет службени белешки, потврда за привремено одземени предмети од _____бр.17.15-141/1, потврда за привремено одземени предмети бр.24.1.1-206 од 12.09.2005 година и бр.24.1.1-207 и документи наведени во истата, фотодокументација бр.427/2005 на МВР криминалистичка техника, сообраќајна дозвола бр.0988552 на име ДПТУ "Гутешпед" Куманово и сообраќајна дозвола бр.0988553 на име "Гутешпед" Куманово, 400 евра во апоени 2 х 100 евра и 4 х 50 евра.

Во текот на истрагата да се превземат следните истражни дејствија:

**Да се испита обвинетиот ________** на околностите во врска со стореното кривично дело, а особено: од каде ги превзел мигрантите, за која цена требал да ги пренесе илегално преку државната граница на Република Македонија во Р.Грција, со кој има склучено претходен договор за пренесување на мигранти, со каква намера се направени специјално направените бункери во полуприколката и на сите останати околности.

**Во својство на оштетени** да се сослушаат мигрантите – албанските државјани _______малолетникот _________Р.Албанија на околностите каде и по колку пари платиле за илегално да бидат пренесени во Р.Грција, од каде и кој ги превзел во Р.Македонија, кој им кажал, односно кој ги сместил во бункерите во товарното возило, со каква намера сакале да минат во Р.Грција и на сите останати околности.

Истражниот судија да превземе и други истражни дејствија за кои ќе се укаже потреба во текот на истрагата, а во врска со стореното кривично дело.

Во смисла на член 199 став 1 точка 1 од ЗКП, поднесувам

**П Р Е Д Л О Г**

**За определување на мерка притвор**

**Против обвинетиот _________од Куманово да биде определен притвор бидејќи постојат околности кои укажуваат на опасност од бегство, со оглед на тежината на кривичното дело и фактот дека истиот е веќе осудуван за истородно кривично дело.**

По спроведената истрага предметот да ни се врати на наша одлука

**Заменик јавен обвинител**

________________

## Коментар кон примерот 1

Опасноста од бегство не е поткрепена со доказ од кој може да се заклучи дека обвинетиот ќе се даде во бегство;
На обвинетиот му се става на товар дека веќе е осудуван за истородни кривични дела, што не е точно бидејќи тој е осудуван за други кривични дела, а кои не се во главата XXXIV од КЗ- каде припаѓа кривичното дело „Криумчарење на мигранти“ од чл. 418-Б ст. 1 и ст. 4 од КЗ.

**Пример 2: Решение за спроведување истрага со определување мерка притвор**

**Ки.бр.________**

**Р.**

Истражниот судија при Основен суд Гевгелија, ___________ постапувајќи по барањето за спроведување истрага со предлог за определување притвор Ко.бр.________од 12.09.2005 година на ОЈО Гевгелија, против обвинетиот _________од Куманово, поради постоење на основано сомневање да обвинетиот сторил кривично дело "Криумчарење на мигранти" од член 418 б став 1 и став 4 од Кривичниот законик, согласно **член 160 став 2 и член 162 став 1 и 2 од Законот за кривичната постапка и член 200 и член 199 став 1 точка 1 и член 204 став 8 од Законот за кривичната постапка,** по распитот на обвинетиот, на ден 12.09.2005 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I.**

**СЕ СПРОВЕДУВА ИСТРАГА ПРОТИВ**

______________, по народност македонец, државјанин на Р.Македонија, по занимање возач, не оженет, писмен со завршено основано бразование, војска служел 1997/98 во Куманово, се води во воена евиденција при СО куманово, осудуван за кривично дело "Криумчарење" од член 278 став 1 од Кривичниот законик со парична казна и за кривично дело "Фалсификување исправа" од член 378 став 1 од Кривичниот законик со условна осуда со утврдена казна затвор во траење од 3 месеци со рок на провера од 2 години, се уште трае рокот на проверка, постапка за друго кривично дело не се води.

**Поради постоење на основано сомневање дека**

На ден 11.09.2005 година, околу 22,30 часот, обвинетиот _________ од користољубие илегално пренесувал осум мигранти преку државната граница на ГП "Стар Дојран" на излез од РМ, на начин што откако мигрантите-албанските државјани ______за цена од по 1.300 евра, се договориле со лице НН по име Бесник од Р.Албанија, а албанските државјани _______, малолетникот ____за цена од по 1.000 евра со НН лице по име Муслим од Р.Албанија илегално да ги пренесат во Р.Грција по што истите легално влегле во македонија и на непонато место на паркинплац во Р.Македонија ги превзел обвинетите со неговото ТМВ марка "Фијат ивеко" со рег.бр.КУ 812-ЦК со полуприколка марка "Итас" со рег.бр. КУ 773-ЦК, сопственост на неговата фирма ДПТУ "Гутешпед" Куманово, сместувајќи ги во полуприколката во специјално вградени два бунера под долниот дел на полуприколката, истите се откриени од страна нацаринските работници на ГП "Стар Дојран".

Со што би сторил кривично дело "криумчарење на мигранти" од член 418 б став 1 и став 4 од Кривичниот законик.

II.

СЕ УТВРДУВА ДЕКА е законито лишувањето од слобода на обвинетиот _____од Куманово, од страна на МВР-СВР Гевгелија, на ден 11.09.2005 година, од 23,00 часот.

III.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРИТВОР спрема обвинетиот ____ од Куманово, во траење од 30 дена, сметано од денот и часот на лишувањето од слобода односно од 11.09.2005 година од 23,00 часот до 11.10.2005 година до 23,00 часот, согласно член 199 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка, која мерка притвор ќе ја издржува во Затворот Гевгелија.**

**О б р а з л о ж е н и е**

ОЈО Гевгелија, поднесе барање за спроведување истрага со предлог за определување притвор Ко.бр.186/05 од 12.09.2005 година, против _______од Куманово, поради постоење на основано сомневање да обвинетиот сторил кривично дело "Криумчарење на мигранти" од член 418 б став 1 и став 4 од Кривичниот законик.

Истражниот судија ги разгледа списите во предметот, го распита обвинетиот па најде дека барањето за спроведување истрага со предлог за определување притвор е основано.

Основаноста на сомневањето произлегува од кривичната пријава бр.154-24.1.1/3552 од 12.09.2005 година, записник за задржано лице, пет службени белешки, потврда за привремено одземени предмети од _____бр.17.15-141/1, потврда за привремено одземени предмети бр.24.1.1-206 од 12.09.2005 година и бр.24.1.1-207 и докумнети наведени во истата, фотокодокументација бр.427/2005 на МВР криминалистичка техника, сообраќајна дозвола бр.0988552 на име ДПТУ "Гутешпед" Куманово и сообраќајна дозвола бр.0988553 на име "Гутешпед" Куманово, 400 евра во апоени 2 x 100 евра и 4 x 50 евра.

Со цел да се утврди материјалната вистина во поглед на сторување на кривичното дело што му се става на товар на обвинетиот, согласно член 160 став 2 од ЗКП потребно е да се соберат сите докази и податоци од кои ќе може да се одлучи дали ќе се покрене обвинение или постапката ќе се запре, се одлучи како во диспозитивот од решението во првиот дел.

Истражниот судија по службена должност ја испитуваше законитоста на лишување од слобода на обвинетиот од страна на СВР Гевгелија и утврди дека обвинетиот е лишен од слобода согласно одредбата од член 204 став 8 од ЗКП, за што е изготвен записник за негово задржување на кој обвинетиот уредно се потпишал, поучен за неговите права, правото на бранител, правото на контакт со член на семејството, по штообвинетиот во законскиот рок е изведен пред истражен

судија со што се утврди дека лишувањето од слобода е законито како во вториот дел од диспозитивот.

Истражниот судија го ценеше предлогот на ОЈО Гевгелија да против обвинетиот ______од Куманово, се определи притвор и при тоа најде дека во конкретниот случај постои законскиот основ од член 199 став 1 точка 1 од ЗКП, за определување притвор спрема обвинетиот, бидејќи постојат особени околности што укажуваат на опасност од бегство со оглед на тежината на кривичното дело и фактот дека истиот е веќе осудуван за истородно кривично дело по што му определил притвор на обвинетиот во траење од 30 дена опишани како во третиот дел од диспозитивот на ова решение.

**Основен суд Гевгелија**
**Ки.бр.____________**

**Истражен судија**

**_____________**

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба до Кривичен совет при Основен суд Гевгелија и тоа во делот под точка I во рок од 3 дена од денот на приемот, а во делот под точка II во рок од 48 часа од приемот на решението и во делот под точка III во рок од 24 часа од приемот на решението.**

## Коментар кон примерот 2

Некритички и без соодветни докази се прифатени предлозите во барањето на ЈО за определување мерка притвор дека постојат особени околности, како и фактот дека истиот е веќе осудуван за истородно кривично дело.
На обвинетиот му се става на товар дека веќе е осудуван за истородни кривични дела, што не е точно бидејќи тој е осудуван за други кривични дела, а кои не се во главата XXXIV од КЗ- каде припаѓа кривичното дело „Криумчарење на мигранти“ од чл. 418-Б став 1 и став 4 од КЗ.

## Пример 3: Решение за определување куќен притвор

**КОК. - КР. бр.**

**КРИВИЧНИОТ СОВЕТ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ПРИ ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**, составен од Претседателот на советот судија______и членовите на советот судиите_______, со стручен соработник_______како записничар, постапувајќи по предлогот за укинување на мерката притвор против обвинетиот______од Куманово, односно негова замена со куќен притвор, поднесен од бранителот на обвинетиот адвокат________од Куманово, на нејавна седница одржана на 3. 08. 2007 година, согласно член 207 став 1 во врска со член 197 став 1 и 5 и член 189 став 3 во врска со член 90 став 3 од ЗКП, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ УКИНУВА** притворот против обвинетиот___________од Куманово, определен со решение на истражниот судија при овој суд КИ.бр.______и продолжен со решение на Кривичниот совет_________и со решенија на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал при овој суд КС.бр._________, КОК-КСП.бр.______ и КОК-КСП.бр.______, за едно кривично дело "Проневера во службата" од член 354 став 3 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ.

**II**

**ПРОТИВ:**

**ОБВИНЕТИОТ____________**од Куманово, каде и живее, на ул.________, **СЕ ОПРЕДЕЛУВА КУЌЕН ПРИТВОР** во траење од 30 дена, сметано од 3.08.2007 до 2.09.2007 година, при што на обвинетиот му се забранува во определеното време да го напушта домот во Куманово на ул_______.

Доколку обвинетиот__________не се придржува кон забраната од судот за напуштање на неговиот дом, против него ќе биде определен притвор.

Надзорот над спроведувањето на куќниот притвор, се доверува на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија-СВР Куманово.

По приемот на решението, обвинетиот__________да биде пуштен од КПУ Затвор Скопје, а против него да започне да се реализира куќниот притвор.

**III**

Против обвинетиот___________СЕ ОПРЕДЕЛУВА превентивна мерка-привремено одземање на неговата патна исправа и забрана за издавање нова патна исправа. Привременото одземање на патната исправа ќе трае најдолго до правосилното завршување на кривичната постапка што се води против него пред овој суд по кривично правниот предмет КОК.бр.________.

Патната исправа од обвинетиот да ја одземе Министерството за внатрешни работи на Република Македонија-СВР Куманово и да ја предаде на овој суд.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Истражниот судија при овој суд донесе решение КИ.бр._____, за спроведување истрага против обвинетите_____________, сите од Куманово, поради постоење основано сомнение дека сториле едно кривично дело “Проневера во службата“ од член 354 став 3 во врска со став 1 од КЗ. Со истото решение, против обвинетите_____________е определена мерка притвор во траење од по 30 дена, сметано од 8.03.2007 година во 14,00 часот до 7.04.2007 година во 14,00 часот, за обвинетиот_________ сметано од 7.03.2007 во 20,30 часот до 6.04.2007 година во 20,30 часот, за обвинетиот______сметано од 7.3.2007 година во 19,00 часот до 6.04.2007 година во 19,00 часот, за обвинетиот_____________, а согласно член 199 став 1 точка 1 и 2 од ЗКП.

Со решение на Кривичниот совет на овој суд КС.бр._______уважен е предлогот на истражниот судија КИ.бр.______и притворот против обвинетите________________е продолжен за уште 30 дена, сметано од 7.04.2007 година во 14,00 часот до 7.05.2007 година во 14,00 часот, за обвинетиот__________сметано од 6.04.2007 година во 20,30 часот до 6.05.2007 година во 20,30 часот, за обвинетиот_________сметано од 6.04.2007 година во 19,00 часот до 6.05.2007 година во 19,00 часот, за обвинетиот___________, а согласно член 199 став 1 точка 1 и 2 од ЗКП.

Со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал при овој суд, КС.бр._____________, притворот против обвинетите_____________е продолжен за уште 30 дена сметано од 7.05.2007 година во 14,00 часот до 6.06.2007 година во 14,00 часот, за обвинетиот________ сметано од 6.05.2007 година во 20,30 часот до 5.06.2007 година во 20,30 часот, за обвинетиот__________сметано од 6.05.2007 година во 19,00 часот до 5.06.2007 година во 19,00 часот, за обвинетиот______, а поради постоење на причините предвидени во член 199 став 1 точка 1 и 2 од ЗКП.

По приемот на обвинителниот акт од Јавно обвинителство на Република Македонија-Одделение за гонење на сторители за кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата-Скопје КО.бр._______, против обвинетите______________, сите од Куманово, за едно кривично дело “Проневера

во службата“ од член 354 став 3 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ, Кривичниот совет на одделението за организиран криминал при овој суд со решение КОК-КСП.бр._____го продолжи притворот против обвинетите_____________за 30 дена сметано од 5.06.2007 година до 5.07.2007 година, а поради постоење на причината пфредвидена во член 199 став 1 точка 1 од ЗКП, а со решение КОК-КСП.бр._____го продолжи притворот против обвинетите за уште 30 дена сметано од 5.07.2007 година до 4.08.2007 година, а согласно член 199 став 1 точка 1 од ЗКП.

Бранителот на обвинетиот________адвокат___________од Куманово, до Кривичниот совет на овој суд, поднесе предлог за укинување на мерката притвор определена против обвинетиот, односно нејзина замена со куќен притвор, наведувајќи дека здравствената состојба на обвинетиот е сериозно влошена, односно по извршената хируршка интервенција тој постојано треба да се јавува на контроли кај___________, а имајќи ја предвид неговата семејна состојба, како и неговото досегашно однесување во текот на постапката, не се присутни околности кои што би укажувале на реална опасност од негово бегство. Кон предлогот е доставена и медицинска документација според која што неговото заболување е дијагностицирано како Spondyiosis cervicalis. Hernia disci iv C3-C4. Myelopathia cervicalis, поради што и бил извршен оперативниот зафат.

Јавното обвинителство на Република Македонија-Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата-Скопје, даде мислење КО.бр._____, предлогот за замена на мерката притвор против обвинетиот__________да се уважи како основан, а предложи и како дополнително обезбедување, Судот да определи и дополнителна превентивна мерка-одземање на патната исправа од обвинетиот.

Кривичниот совет, по извршениот увид во списите на кривично-правниот предмет КОК.бр._______, ги испита причините за притвор и најде дека:

Предлогот е основан.

Имено, Советот смета дека во оваа фаза на постапката, сé уште е присутна реална опаснот од бегство на обвинетиот__________, меѓутоа имајќи ја предвид неговата влошена здравствена состојба, за што е приложена и медицинска документација кон поднесениот предлог, како и одредбата од член 198 став 2 од ЗКП, според која траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време, Советот смета дека во овој момент не е целисходно укинување на притворот против него и негова замена со куќен притвор, кој ќе се реализира во неговиот дом во Куманово на ул._______, а надзорот над спроведувањето на куќниот притвор се доверува на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија-СВР Куманово.

Како дополнително обезбедување на присуството на обвинетиот во текот на кривичната постапка што се води пред овој суд, Советот смета дека е потребно да

биде определена и превентивната мерка - одземање на патната исправа од обвинетиот___________, односно забрана за издавање нова патна исправа.

Имајќи го предвид изложеното, а согласно член 207 став 1 во врска со член 197 став 1 и 5 и член 189 став 3 во врска со член 90 став 3 од ЗКП, Советот одлучи како во изреката на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ, КОК-КР.бр.________________**

**Записничар**

**Претседател на советот-судија**

### Коментар кон примерот 3

Правилно судот го прифатил предлогот на бранителот на обвинетиот поткрепен со докази за неговата здравствена и семејна состојба, а подржан и од Јавниот Обвинител, за укинување на притворот и замена за истиот со куќен притвор;

Правилно судот својата одлука ја засилил и со определување превентивна мерка- привремено одземање на патна исправа како и забрана за издавање нова патна исправа.

## Пример 4: Решение за определување гаранција

**КОК-КР.бр.______**

**КРИВИЧНИОТ СОВЕТ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА ПРИ ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ,** составен од Претседателот на советот судија _____и членовите на советот судиите _____, со стручен соработник ____________ како записничар, постапувајќи по предлогот за укинување на мерката притвор, определена против обвинетиот _____од Скопје, со понуда на гаранција, поднесен од бранителот на обвинетиот, адвокат ____од Скопје, на нејавна седница одржана на 20.10.2008 година, согласно член 196 од ЗКП, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** предлогот за укинување на мерката притвор, определена против обвинетиот ____од Скопје, со понуда на гаранција поднесен од неговиот бранител, адвокат ___од Скопје.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** гаранција во вкупен износ 3.090.000,00 денари, во корист на Република Македонија, што се состои во ставање хипотека на недвижен имот-куќа што се наоѓа на _______________во вкупна површина од 36 $м^2$ изградена на парцела со површина од 93 $м^2$ на КП.бр.1113, според имотен лист на ДЗГР-Одделение за премер и катастар бр._______година, за КО Карпош, со проценета вредност од 3.090.000,00 денари во сопственост на _______од Скопје.

**ПО ПРАВОСИЛНОСТА** на ова решение, **СЕ НАЛОЖУВА** на Државниот завод за геодетски работи-Сектор за премер и катастар-Скопје, да стави хипотека на претходно цитираниот недвижен имот, опишан во имотен лист бр.____________година на ДЗГР-сектор за премер и катастар-Скопје.

**ПО ПРАВОСИЛНОСТА** на решението за гаранција и нејзино положување, притоворот против обвинетиот ________**СЕ УКИНУВА**.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Апелациониот суд КЖ.бр.___година, преиначено е решението на првостепениот суд КОК.бр.__година со кое према обвинетиот _______е укината мерката притвор, на начин што према обвинетиот е определена мерка притвор од негово пронаоѓање и лишување од слобода до правосилноста на пресудата.

Предлог за укинување на притворот, со понуда на гаранцијата, до Кривичниот совет на овој суд поднесе бранителот на обвинетиот _____адвокат _______од Скопје, при што како гаранција е понудено ставање хипотека на недвижен имот-куќа што се наоѓа на ________со вкупна површина од 36 $м^2$

изградена на парцела со површина од 93 $м^2$, на КП.бр.1113, според имотен лист на ДЗГР-Одделение за премер и катастар бр._____година, за КО Карпош, со проценета вредност од 3.090.000,00 денари во сопственост на _________од Скопје.

Кон предлогот се доставени: извештај за извршена проценка на вредноста на недвижниот имот од страна на овластен судски проценител ____, изјава од _______од Скопје, заверена на нотар под УЗП.бр.___ година, потврда за податоци од интабулационите книги издадена од РМ-Агенција за катастар на недвижности бр. _______ година и имотен лист _____заведен под број _од _____година ДЗГР-Сектор за премер и катастар Скопје.

Во предлогот е наведено дека поради фактот до судењето против обвинетиот е завршено и со тоа е остварена и целта на мерката притвор определена за присуство на обвинетиот за време на судењето, повеќе не стојат основните за опстојување на приговорот, поради што се предлага истиот да се замени со поблага мерка гаранција од член 193 од ЗКП, а за истото се нуди опишаниот недвижен имот.

Јавното обвинителство на РМ-Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата Скопје, даде мислење КО.бр._ година, предлогот да се одбие како неоснован.

Кривичниот совет по извршениот увид во списите на кривично правниот предмет КОК.бр._најде дека:

Предлогот е основан.

Имено, согласно член 193 од ЗКП обвинетиот кој треба да се стави или е веќе ставен во притвот само поради страв дека ќе побегне, може да се остави на слобода, односно може да се пушти на слобода, ако тој лично или некој друг даде за него гаранција дека до крајот на кривичната постапка нема да побегне.

Во конкретниот случај, имајќи предвид дека мерката притвор против обвинетиот _______во овој момент опстојува во смисла на член 199 став 1 точка 1 од ЗКП, односно само поради постоење опасност од негово бегство, Советот смета дека се исполнети законските услови за нејзина замена, со определување гаранција, како поблага мерка во смисла на претходно цитираната одредба од ЗКП.

Во конктекст на погоре наведеното, Советот смета дека во оваа фаза на постапката и состојбата на работите опасноста од бегство на обвинетиот во смисла на член 199 став 1 точка 1 од ЗКП, ќе се отстрани со понудената гаранција како поблага мерка, имајќи притоа предвид да доколку обвинетиот не дојде и не се отповика на уредна покана, а воедно не го оправда изостанокот, ако се подготвува за бегство или ако против него од кога е оставен на слобода се појави некоја друга законска основа за притвор, против истиот повторно ќе се определи мерка притвор и покрај дадената гаранција во смисла на одредбите од член 195 од ЗКП.

Имајќи го предвид изложеното, а согласно член 196 од ЗКП, Советот одлучи како во изреката на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА КОК-КР.бр.________________**

Записничар                                                    Претседател на советот-судија,

_____________                                                 ______________________

ПОУКА: Дозволена е жалба во рок од 3-три дена, по приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

**ДН:** На обвинетиот во КПУ Затвор Скопје

На ЈО на РМ-Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата-Скопје

На адвокат________од Скопје

По правосилноста на решението на ДЗГР-Одделение за премер и катастар Скопје.

**Коментар кон примерот 4**

Со право судот од доказите што му биле понудени од бранителот на обвинетиот за укинување на притворот и замена на истиот со определување гаранција дека обвинетиот нема да бега, го прифатил овој предлог бидејќи истиот бил поткрепен со соодветна писмена документација.

## Пример 5: Решение за отфрлање на жалба и продолжување на мерката притвор

**КСП.бр.______**

**КРИВИЧНИОТ СОВЕТ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ПРИ ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**, составен од Претседателот на советот судија______и членовите на советот судиите_______, со стручен соработник_______како записничар, постапувајќи по службена должност по кривично-правниот предмет оформен против обвинетиот________од Куманово и спрема малолетниците__________,сите од Куманово, и по предлозите за укинување на мерката куќен притвор према обвинетиот________од Куманово и према постариот малолетник________од Куманово, преку нивниот бранител адвокат________од Куманово, на нејавна седница одржана на 18.12.2007 година, согласно член 279 став 2 во врска со член 207 став 1 во врска со член 492 став 2 во врска со член 199 став 1 точка 1 и 3 од ЗКП, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ПРОДОЛЖУВА КУЌНИОТ ПРИТВОР** против обвинетиот___________од Куманово, определен со решение на истражниот судија при Основниот суд Куманово КИ.бр.______, за едно кривично дело "Помагање на сторител по извршено кривично дело" по член 365 став 2 во врска со став 1 од КЗ, за 30 дена сметано од 18.12.2007 година до 17.01.2008 година, поради постоење на причините предвидени во член 199 став 1 точка 1 од ЗКП.

**II**

**СЕ ПРОДОЛЖУВА ПРИТВОРОТ** спрема малолетниците___________од Куманово, определен со решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.______ и КС.бр._____, и тоа малолетните_________за по едно едно кривично дело "Полови дејствија врз дете" по член 188 став 1 од КЗ и едно кривично дело "Силување" по член 186 став 1 од КЗ, за по 30 дена сметано од 18.12.2007 година до 17.01.2008 година, поради постоење на причините предвидени во член 199 став 1 точка 1 од ЗКП.

**III**

**ПРЕДЛОГОТ** за укинување на мерката куќен притвор против обвинетиот_________од Куманово, определен со решение на истражниот судија при Основниот суд Куманово КИ.бр.______ и предлогот за укинување на мерката

притвор према постариот малолетник_________од Куманово определен со решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр._____ и КС.бр.________, поднесени преку нивниот бранител адвокат________, СЕ ОТФРЛААТ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Истражниот судија при Основниот суд Куманово донел решение КИ.бр._____, за спроведување истрага против обвинетиот__________од Куманово, поради постоење основано сомневање дека сторил кривично дело "Помагање на сторител по извршено кривично дело" од член 365 ста 2 од КЗ. Со истото решение под став 2, на обвинетиот___________му е определена мерка куќен притвор во траење од 30 дена, сметано од 18.11.2007 година во 23,00 часот до 18.12.2007 година во 23,00 часот, а согласно член 199 став 1 точка 1 од ЗКП.

Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје донел решение КС.бр.______, со кое под став 1 од ова решение, решението на истражниот судија на Основниот суд Куманово КИ.бр._________, во обжалениот дел во став 2 е потврдено, а под став 2 од истото решение, решението на судијата за малолетници на Основниот суд Куманово, за определување мерка куќен притвор КМ.бр._______ е преиначено и према помладиот малолетник__________, постариот малолетник__________ и постариот малолетник___________, сите од Куманово, им се определува мерка притвор во траење од по 30 дена сметано од 22.11.2007 година од 21,00 часот до 22.12.2007 година до 21,00 часот, согласно член 199 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП.

Основното јавно обвинителство Скопје, до овој суд поднесе под став I обвинигтелен акт КО.бр._______, против обвинетиот__________од Куманово, за едно кривично дело "Помагање на сторител по извршено кривично дело" од член 365 став 2 во врска со став 1 од КЗ, а под став II поднесе Предлог за примена на воспитна мерка спрема малолетниците__________сите од Куманово, и тоа малолетните__________за по едно кривично дело "Полови дејствија врз дете" од член 188 став 1 од КЗ и едно кривично дело "Силување" по член 186 став 1 од КЗ и малолетникот_________за кривично дело "Силување" по член 186 став 1 од КЗ.

Предлогот за укинување на мерката куќен притвор до овој суд поднесе обвинетиот__________од Куманово, преку неговиот бранител адвокат_______од Куманово, во кој се наведува дека причините поради кои што мерката куќен притвор е определена према обвинетиот________повеќе не постојат, односно не постои никаква опасност да ако обвинетиот се пушти да се брани од слобода, ќе се даде во бегство, од причини што обвинетиот примерно се однесувал пред судот, сам без наредба или решение на судот доброволно веќе ја доставил својата важечка патна исправа, како и тоа да обвинетиот на записник пред истражниот судија дал ветување дека нема да го напушти своето живеалиште и во иднина ќе се јавува на секоја покана на судот и ќе биде достапен во секое време. Се наведува и тоа дека обвинетиот никогаш не дошол во судир со законот, ниту пак према него се води

постапка за друго кривично дело, па со укинувањето на оваа мерка, на обвинетиот би му се овозможило редовно да ја заврши последната матурска година од Гимназијата__________во Куманово, каде важи за солидна личност и одличен ученик. Поради овие причини, се предлага да се укине мерката куќен притвор определена према обвинетиот и истиот веднаш да се пушти на слобода.

Исто така, предлог за укинување на мерката притвор, до овој суд поднесе постариот малолетник__________од Куманово, преку неговиот бранител адвокат_____од Куманово, во кој се наведува дека не постојат причините за определување на мерката притвор против овој малолетник, односно не постои никаква опасност да ако малолетникот се пушти да се брани од слобода ќе се даде во бегство, од причини што малолетникот примерно се однесувал пред судот, сам без наредба или решение на судот доброволно ја доставил својата важечка патна исправа, како и тоа да малолетникот на записник пред истражниот судија дал ветување дека нема да го напушти своето живеалиште и дека во иднина ќе се јавува на секоја покана на судот и ќе биде достапен во секое време. Исто така, не постои основан страв дека малолетникот ќе ги уништи трагите на кривичното дело или ќе ја попречи истрагата, со оглед да сведоците, оштетените и сообвинетите веќе дале свои искази на записник пред истражниот судија. Се наведува и тоа дека не постојат околности кои го оправдуваат стравот дека малолетникот ќе го повтори или доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува, со оглед дека не постојат такви особени околности. Се додава и тоа дека малолетникот досега никогаш не доаѓал во судир со законот, ниту против него се води постапка за друго кривично дело. Поради овие причини, се предлага да се укине мерката притвор определена против постариот малолетник__________и истиот веднаш да се пушти на слобода.

Кривичниот совет по извршениот увид во списите на кривично-правниот предмет К.бр._____ги испита причините за куќен притвор против обвинетиот_____од Куманово и за притвор спрема малолетниците______сите од Куманово, најде дека:

Во оваа фаза на постапката сеуште се присутни причините за продолжување на куќниот притвор против обвинетиот___________предвидени во член 199 став 1 точка 1 од ЗКП.

Советот смета дека во конкретниот случај, сеуште е присутен основан страв од бегство на обвинетиот_________, доколку истиот се пушти да се брани од слобода, имајќи ги во предвид видот и карактерот на кривичното дело за кое се товари обвинетиот, висината на запретената казна за истото, начинот и околностите под кое е сторено истото, како и личноста на обвинетиот, а имено да досега истиот е неосудуван, ниту се води постапка за друго кривично дело.

По однос на причините за продолжување на мерката притвор према малолетниците_____________, Советот оцени дека во оваа фаза на постапката сеуште се присутни причините за продолжување на мерката притвор према истите, предвидени во член 199 став 1 точка 1 и 3 од ЗКП.

Советот смета дека во конкретниот случај, сеуште е присутен основан страв од бегство на малолетниците__________, доколку истите се пуштат да се бранат од слобода, како и опасност дека истите ќе го повторат кривичното дело или дека ќе сторат ново кривично дело, имајќи ги во предвид околностите врзани со начинот на извршување на кривичните дела за кои се товарат, видот и карактерот на кривичните дела, како и висината на запретената казна за овој вид кривични дела, што укажува и на постоење на реална опасност од повторување или од извршување нови кривични дела.

Ваквата одлука, Советот ја донесе согласно член 207 став 2 точка 1 од ЗКП, според која што одредба по подигнување на обвинението, притворот може да трае најмногу до 1 година, за кривичните дела за кои може да се изрече казна затвор до 15 години, како и согласно член 492 став 2 од ЗКП, според кој врз основа на решението за притвор што го донел судијата за малолетници, притворот може да трае најмногу 30 дена, Советот за малолетници на истиот суд, може од оправдани причини да го продолжи притворот најдолго уште за 60 дена.

По однос на поднесениот предлог за укинување на мерката куќен притвор према обвинетиот____________од Куманово и предлогот за укинување на мерката притвор према постариот малолетник________од Куманово, двата предлози изјавени преку нивниот бранител адвокат________од Куманово, Советот оцени дека ваквите предлози се недозволени.

Имено, согласно член 207 став 1 од ЗКП, по подигнување на обвинението до завршувањето на главниот претрес, по предлог на овластениот тужител или по службена должност, притворот може да се определи, продолжи или укине само со решение на советот (член 22 став 1 или став 6).

Имајќи ја предвид претходно цитираната одредба од ЗКП, Советот најде дека поднесените предлози од бранителот на обвинетиот_______од Куманово и на малолетникот________од Куманово, адвокат________од Куманово, за укинување на мерката куќен притвор и мерката притвор се недозволени, со оглед на тоа што во смисла на член 207 став 1 од ЗКП, притворот може да се определи, продолжи или укине само по предлог на овластениот тужител, а во конкретниот случај тоа е Основното јавно обвинителство Скопје, или по службена должност, а не и по предлог на обвинет.

Имајќи го предвид изложеното, а согласно член 279 став 2 во врска со член 207 став 1 во врска со член 492 став 2 во врска со член 199 став 1 точка 1 и 3 од ЗКП, Советот одлучи како во изреката на ова решение.

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ КСП.бр._______

**Записничар** **Претседател на советот-судија**

**ПОУКА:** Жалба е дозволена во рок од 3 дена од приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

**ЖАЛБАТА НЕ ГО ЗАДРЖУВА ИЗВРШУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО**

**ДН:** На обвинетиот_________од Куманово

На малолетниците___________во КПУ Затвор Скопје

На КПУ Затвор Скопје

На ОЈО Скопје

На адвокат_____________од Куманово

На адвокат_____________од Куманово

На адвокат_____________од Куманово

На СВР Куманово

Имајќи го предвид изложеното, а согласно член 207 став 3 во врска со член 197 став 1 и 5 од ЗКП, Советот одлучи како во изреката на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ, КОК-КР.бр._________________**

**Записничар** **Претседател на советот-судија**

**Коментар кон примерот 5**

Судот стравот од опасност од бегство на обвинетиот го правда со видот и карактерот на кривичното дело, висината на запретената казна, како и околностите под кои е сторено делото, без друга поткрепа на таквата одлука, при што од друга страна ја цени и личноста на обвинетиот, а имено дека истиот не е осудуван и не се води друга кривична постапка.

## Пример 6: Решение за отфрлање на жалба за укинување на притвор

**Кс.бр.______**

**Р.**

**ОСНОВНИОТ СУД ГЕВГЕЛИЈА** во совет составен од Претседателот на судот ________како претседател на советот и судиите ________ членови на советот, со записничар _______ стручен соработник, одлучувајќи по жалбата против решението за определување на притвор Ки.бр._____ година на истражниот судија при овој суд, поднесена од бранителот на обвинетиот _________од Куманово, _________адвокат од Гевгелија, поради постоење основано сомневање да обвинетиот сторил кривично дело "Криумчарење мигранти" од член 418-б став 1 и став 4 од ЗИД на КЗ, на седница на советот одржана на ден 16.09.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата од обвинетиот _________од Куманово, поднесена преку бранителот _______адвокат од Гевгелија, против решението за определување притвор Ки.бр._____ година на истражниот судија при овој суд, поради постоење основано сомневање да сторил кривично дело "Криумчарење мигранти" од член 418-б став 1 и став 4 од ЗИД на КЗ, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Основното јавно обвинителство Гевгелија до Основниот суд Гевгелија поднесе барање за спроведување на истрага со предлог за определување притвор Ко.бр._____ од 12.09.2005 година против _______од Куманово поради постоење на основано сомневање да обвинетиот сторил кривично дело "Криумчарење мигранти" од член
418-б став 1 и став 4 од ЗИД на КЗ, за кое постоењето на основаното сомневање произлегува од кривичната пријава Ку.бр.154-24.1.1/3552 од 12.09.2005 година, записник за задржано лице, пет службени белешки, потврда за привремено одземени предмети од _________бр.17.15-141/1, потврда за привремено одземени предмети бр.24.1.1-206 од 12.09.2005 година и бр.24.1.1-207 и документи наведени во истата, фотодокументација бр.427/05 на МВР кримининалистичка техника, сообраќајна дозвола бр.0988552 на име ДПТУ "Гутешпед" Куманово, 400 евра во апоени 2 x 100 евра и 4 x 50 евра, патна исправа на име обвинетиот, шест патни исправи и една лична карта на име албанските државјани и осум фотографии на албанските државјани, два мобилни телефони марка Нокиа и марка Сименс.

Постапувајќи по наведеното барање на Основното јавно обвинителство Гевгелија, истражниот судија при овој суд согласно член 160 став 2 и член 162 став 1 и 2 од ЗКП, го испита обвинетиот _______, сведоците _________ од Р.Албанија на околностите наведени во барањето, па по проучување на списите приложени кон кривичната пријава, донесе решение Ки.бр.80/05 од 12.09.2005 година за

спроведување на истрага против _____определување на притвор против него во траење од 30-триесет дена сметано од денот и часот на лишување од слобода односно од 11.09.2005 година од 23,00 часот до 11.10.2005 година до 23,00 часот согласно член 199 став 1 точка 1 од ЗКП.

Обвинетиот ________преку бранител _______адвокат од Гевгелија, до советот при овој суд поднесе жалба против наведеното решение, поради непостоење на основ за определување на притворот. Во жалбата наведува дека не постои опасност од бегство на обвинетиот, која би постоела доколку обвинетиот се подготвувал да замине во странство, ако нема или постојано го менува своето живеалиште, кога обвинетиот би се обидел на илегален начин да ја мине државната граница или се работи за странски државјанин. Ниту една од овие претпоставки не дава индиција дека обвинетиот би ја извршил, дотолку повеќе што при земањето податоци од страна на истражниот судија самиот ја кажал својата нова адреса, а не онаа која била наведена во барањето за спроведување на истрага. Тоа покажува дека истиот нема намера да се крие и да го осуети понатамошното водење на кривичната постапка. Предложи кривичниот совет да го укине решението на истражниот судија за определување на притвор и обвинетиот ______да се пушти да се брани од слобода.

Советот при овој суд, одлучувајќи по поднесената жалба, ценејќи ги наводите во истата, по оцена на решението за спроведување на истрага и определување притвор на истражниот судија при овој суд Ки.бр._________година, како и по увидот во списите на предметот Ки.бр.____најде дека:

**Жалбата е неоснована.**

Советот при овој суд, го ценеше предлогот на бранителот да се укине притворот против обвинетиот, но по увидот во списите на предметот Ки.бр.____најде дека определениот притвор е основан, од причини што во конкретниов случај исполнети се законските услови за определување на притворот предвидени во член 199 став 1 точка 1 од ЗКП. Имено, постојат особени околности што укажуваат дека сеуште постои опасност од бегство на обвинетиот имајќи во предвид дека е специјален повратник во извршувањето на овој вид кривично дело, а со оглед на запретената казна за истото.

Предвид на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението согласно член 200 став 7 од ЗКП.

**ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА Кс.бр._________година**

**Записничар** **Претседател на судот-советот**

__________ ____________________________

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение не е дозволена посебна жалба, согласно член 408 став 2 од ЗКП.**

## Коментар кон примерот 6

Судот кога ја одбива жалбата за укинување на мерката притвор се повикува на тоа дека постојат особени околности за постоење опасност од бегство имајќи во предвид дека обвинетиот е специјален повратник во ист вид на кривично дело.

Решението нема образложение за ваквите наводи.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА**
**КОЗ.бр._________**
**Скопје _____________ година**

**ДО**

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на **член 429 и 434 од ЗКП,** поднесувам:

**БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА**

Против правосилното решение на истражниот судија при Општинскиот суд Скопје I Скопје, Ки.бр._ година, донесено против окривените ___________ двајцата од Скопје, поради повреда на Законот од **член 199 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Со цитираното решение против наведените окривени се спроведува истрага поради постоење на основано сомнение да сториле кривични дела Даночно затајување од член 144 став 1 во врска со став 1 од КЗ на Република Македонија и од член 112 од Законот за девизно работење, како и е одредена мерката притвор врз основа на **член 199 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП**. Решението станало правосилно бидејќи жалбата на окривената со решение на кривичниот совет при Општинскиот суд Скопје I Скопје Кс.бр. година е одбиено како неосновано, додека окривениот _не поднел жалба.

Во правосилното решение и за двата окривени се наведува дека постои опасност доколку се најдат на слобода дека ќе се кријат или ќе се дадат во бегство со цел да ја избегнат кривичната одговорност, исто така дека постоел оправдан страв дека ќе ги уништат трагите на сторното кривично дело или ќе влијаат на сведоците, па на тој начин би го попречиле правилното одвивање на кривичната постапка, како и постоел оправдан страв дека окривените можат да го повторат кривичното дело или да сторат ново кривично дело.

Во второстепеното решени главно се прифатени причините за притворот истакнати во првостепеното решение.

Како што се гледа од погоре истакнатото, во правосилното решение само се парафразира одредбата од **член 199 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП,** без да притоа се изнесат околности од кои може да се заклучи она што се тврди од страна на истражниот судија, а потоа и од кривичниот совет на Општинскиот суд Скопје I

Скопје. Не е доволно да се каже дека некој ако се пушти да се брани од слобода, може да побегне, ако притоа не се наведе од каде судот заклучува дека постои таков страв од бегство на окривените. Посебно во случајот на окривената ____, не постои никаков страв од бегство, бидејќи истата е мајка на две деца, едно на возраст од 2-две , а другото на возраст од 6-шест години, па се поставува прашање дали мајка на две малолетни деца може да се даде во бегство, а притоа децата да ги остави без нејзина грижа.

Исто така, не постои ниту основан страв дека окривените ќе ги уништат трагите на кривичното дело, ниту особено околности укажуваат дека ќе ја попречат истрагата со влијание на сведоци, соучесници или прикривачи. Во правосилното решение за тоа не се наведува ниту една причина. Напротив, од списите во предметот се гледа дека целокупната документација, врз која се темели барањето за истрга е одземена и се наоѓа кај истражниот судија. Органот за внатрешни работи работел со окривените и притоа ја користел документацијата подолго време и окривените доколку можеле да се обидат во тој период да ја уништат документацијата но се разбира дека немале никаква намера тоа да го сторат, ниту пак го сториле. Вербални докази не постојат, а и да постојат, при постоење на писмена документација, исклучена е секаква можност за влијание врз сведоци. Со оглед на тоа се поставува прашањето, како и на кој начин окривените би ја попречиле истрагата.

На крајот не постои никаква особена околност која би го оправдувала стравот дека окривените ќе го повторат кривичното дело или ќе сторат ново. И за овој основ во правосилното решение не е наведена никаква околност од која би можело да се заклучи за таков оправдан страв. Напротив, претпријатието ____ во кое работеле окривените и во кое се правени маркетинг услугите, од декември 1993 година, повеќе не работи, па со оглед на тоа не е јасно како и на кој начин тие би можеле да го повторат кривичното дело или пак да сторат ново.

На крајот иако тоа не битно за одлучува за ова барање за заштита на законитоста, сепак не е одмет да истакнеме дека треба да проучат списите по досега спроведената истрага, за да се заклучи дали воопшто во дејствијата на окривените се содржат белези на кривичните дела кои им се ставаат на товар со решението за спроведување на истрага. Во таа смисла кон барањето за спроведување и истрага го прилагаме записникот за извршена контрола на данок на промет со благајничко работење за период од 1.1.1992 година до 30.06.1993 година кај претпријатието ________Скопје, и писмото на Министерството за финансии бр._година.

Предвид на изнесеното:

**ПРЕДЛАГАМ**

До Врховниот суд на Република Македонија, врз основа на **член 434 став 1 од ЗКП,** најде дека барањето за заштита на законитоста на Јавното обвинителство на Македонија, **Е ОСНОВАНО** и решението на истражниот судија при Општинскиот суд Скопје I Скопје, К.бр._година донесено против окривените _ двајцата од Скопје, **ГО ПРЕПРАВИ** и окривените ги пушти да се бранат од слобода.

**ЗАМЕНИК ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**

___________________________

### Коментар кон примерот 7

Првостепеното и второстепеното решение немаат соодветно образложение за основите за определување на мерката притвор, па со право Јавниот Обвинител истите ги напаѓа во барањето.

## Пример 8: Одлука на Врховниот Суд на РМ по БЗЗ

**Кзз.бр.________**

**ВО ИМЕТО НА НАРОДОТ**

**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, во Скопје во совет составен од судиите:___-како пртседател, ____- како членови, со записничарот - стручен соработник, решавајќи по барањето на Јавното обвинителство на Македонија за заштита на законитоста Коз.бр. година, против решението на истражниот судија на Општинскиот суд Скопје I Скопје, Ки.бр._ година, под точка II и решението на кривичниот совет при Општинскиот суд Скопје I Скопје Кс.бр._ година, на седницата одржана на ден 21.12.1994 година, по сослушувањето на Заменик јавен обвинител на Македонија _, ја донесе следната

**П Р Е С У Д А**

Барањето за заштита на законитоста на Јавното обвинителство на Македонија Коз.бр._година, **СЕ УВАЖУВА.**

Решенијата на истражниот судија при Општинскиот суд Скопје I Скопје Ки.бр._година под точка II и на кривичниот совет при Општинскиот суд Скопје I Скопје Кс.бр.___ година, донесени против окривените _______, двајцата од Скопје, **СЕ ПРЕИНАЧУВААТ**, така што окривените веднаш се пуштаат да се бранат од слобода.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на истражниот судија при Општинскиот суд Скопје I Скопје Ки.бр.__година под точка II, против окривените __, двајцата од Скопје, определена била мерка притвор во траење од по 30 дена, а врз основа на **член 199 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП.**

Кривичниот совет при Општинскиот суд Скопје I Скопје, одлучувајќи по жалбата на окривената, поднесена преку нејзиниот бранител, со решение Кс. бр. година, ја одбил како неоснована, а го потврдил решението на истражниот судија.

Јавното обвинителство на Македонија до овој суд поднесе барање за заштита на законитоста под Коз.бр._______година против решението на истражниот судија при Општинскиот суд Скопје I Скопје Ки.бр.____година под точка II и против решението на кривичниот совет при Општинскиот суд Скопје I Скопје Кс.бр.___ година, а поради повреда на законот – **член 199 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП.**

Во барањето се наведува дека со напред цитираните решенија на истражниот судија и на кривичниот совет при Општинскиот суд Скопје I Скопје само се парафразираат одредбите за определување на притворот во смисла на **член 199 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП,** а притоа без да се изнесат околности од кои може да се заклучи она што се тврди во истите.

Земајќи учество на нејавната седница Заменикот јавен обвинител на Македонија ________го подржа барањето и предлогот во истото.

Врховниот суд на Република Македонија, след увидот во списите на предметот, оценката на нападнатите решенија, изнесените наводи во барањето, како и мислењето на Заменикот Јавен обвинител на Македонија, на седницата одржана во смисла на **член 429 од ЗКП**, најде:

Барањето за заштита на законитоста е основано.

Видно од решението на истражниот судија при Општинскиот суд Скопје I Скопје Ки.бр._______година под точка I се спроведува истрага против окривените __________, двајцата од Скопје, поради постоење основано сомнение дека сториле кривични дела: даночно затајување по член 144 став 2 во врска со став 1 од КЗ на РМ и кривично дело по член 112 од Законот за девизно работење. Со истото решение под точка II против окривените е определена мерката притвор во траење од по 30 дена, сметано од 13.12.1994 година во 14,30 часот па до 12.01.1995 година во 14,30 часот. Како основи за определување на мерката притвор против окривените се парафразираат одредбите од **член 199 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП,** а без да се наведат конкретни причини и од каде тоа се заклучува. Второстепеното решение на кривичниот совет при Општинскиот суд Скопје I Скопје ги прифаќа истите образложенија, дава причини за основите за определениот притвор, но без основ.

Затоа по наоѓањето на овој Суд со напред цитираните решенија повреден е законот за определениот притвор спрема двајцата окривени во смисла на член 181 став 2 точка 1, 2 и 3 од ЗКП, а поради следното:

Во врска со основот за определениот притвор по **член 199 став 1 точка 1 од ЗКП** само се парафразира одредбата дека окривените ќе се дадат во бегство без да тоа е поткрепено со нешто или со некакво укажување на некакви докази, првоокривената _е мајка на две малолетни деца, па не се поставува прашање дали може да се даде во бегство, а децата да ги остави без родителска грижа.

Не постои ни основот по **член 199 став 1 точка 2 од ЗКП**, во однос на уништување на траговите на кривичните дела, ниту на тоа укажуваат особени околности дека ќе ја попречат истрагата со влијание на сведоци, соучесници или прикривачи. Напротив од списите на предметот се гледа дека целокупната документација, врз која се темели барањето за спроведување на истрага е одземена и се наоѓа кај истражниот судија. Органот за внатрешни работи кога работел со окривените, ја користел документацијата подолго време и окривените дотолку можеле да се обидат во тој период ќе ја уништиле документацијата, но тоа не го сториле. Во смисла на овој основ не постојат никакви вербални докази, така што при постоење на писмена документација исклучена е секаква можност за влијание на сведоците, посебно што во барањето за спроведување на истрага се бара да се сослушаат претставници на претпријатијата, а во врска со изготвуваната документација.

Не постои никаква особена околност која го оправдува стравот дека окривените ќе го повторат кривичното дело или ќе сторат ново, а во смисла на **член 199 став 1 точка 3 од ЗКП**. И за овој основ во решенијата не се наведени никакви околности од кои би можело да се заклучи таков оправдан страв. Напротив Претпријатието __во кое работеле окривените и во кои се правени маркетинг услугите од декември 1993 година повеќе не работи, па со оглед на тоа и не е јасно како и на кој начин тие би можеле да ги повторат кривичните дела или да сторат нови.

Врз основа на сето горе изложено, Врховниот суд на Република Македонија, согласно **член 434 став 1 од ЗКП**, го уважи барањето за заштита на законитоста, бидејќи најде дека со решението на истражниот судија на Општинскиот суд Скопје I Скопје од 13.02.1994 година под точка II и со решението на кривичниот совет при Општинскиот суд Скопје I Скопје од 15.12.1994 година е повреден законот, па затоа истите ги преиначи, така што обвинетите веднаш ги пушти да се бранат од слобода.

Поради изложеното, во смисла на **член 434 став 1 од ЗКП** превземен како републички пропис во врска со член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, следуваше да се одлучи како во диспозитивот.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија, во Скопје, на ден ____________ под Кзз.бр._________.

**Записничар** ___________

**Претседател на советот - судија** _______________________________

## Коментар кон примерот 8

Судот го уважил барањето за заштита на законитоста и дава образложение за секој од основите по кои се донесени решенијата за притвор како непоткрепени, па поради тоа истите ги преиначил така што одлучил окривените веднаш да бидат пуштени на слобода.

Organization for Security and Co-operation in Europe
Spillover Monitor
Mission to Skopje

Содржината на ова издание не значи дека секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје